КИРСМ
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

**за работата на Комората на извршители на Република Северна Македонија**

**за периодот од 1 јануари 2023**

**до 31 декември 2023 година**

**СОДРЖИНА**

ВОВЕД ....................................................................................................3

1.Општ преглед за Комората и активностите на извршителите во Република Северна Македонија .3

1.1 Техничка и кадрова опременост на КИРСМ ....................................................7

1.2 Анализа на постигнати резултати во извршувањето ........................................7

2. Активности на КИРСМ преку органите и комисиите на Комората ......................16

2.1 Управен одбор на КИРСМ ...................................................................18

2.2 Претседател на КИРСМ.......................................................................35

2.2.1 Претставки, тужби и барање за извршување .............................................35

2.2.2. Изземање на извршител ...................................................................36

2.2.3. Упис во Именици, легитимација, потврди и склучен договор за осигурување ...............36

2.2.4. Примопредавање ...........................................................................37

2.2.5. Веб страна на Комората на извршители на РСМ ..........................................37

2.2.6. Утврдување на просторни услови.........................................................38

2.2.7 Членарина...................................................................................38

2.2.8 Средби и учество на настани................................................................38

2.2.9 Соработка со Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер ..............................................................................40

2.3 Дисциплинска комисија (ДК) при КИРСМ ....................................................40

2.4 Надзорен одбор на КИРСМ....................................................................41

2.5 Стручен совет на КИРСМ.......................................................................41

2.6 Комисија за стручна едукација на извршители ...............................................41

2.7 Комисија за спроведување на постапка за именување на изршител .........................42

2.8 Ждрепка...........................................................................................45

2.10 Постапување на извршителите врз основа на член 36 став 1 од Законот за извршување......46

4.Меѓународни активности на КИРСМ.............................................................48

5.Регионална соработка на КИРСМ ...............................................................49

6.Односи на КИРСМ со домашни и странски институции .......................................50

8.Односи на КИРСМ со други институции ........................................................50

10.Планови на Комората за 2024 година............................................................51

# ВОВЕД

Во насока на исполнување на надлежноста од член 29 став 1 алинеја 15 од Статутот на Комората на извршители на РСМ во натамошниот текст (КИРСМ), Претседателот на КИРСМ го изготви овој извештај за севкупните активности на Комората за 2023 година и го доставува до Собранието на Комората на редовната годишна седница.

Овој извештај има за цел да ги презентира активностите кои Комората на извршители ги преземала во текот на 2023 година, со посебен акцент на анализа на постигнатите резултати во извршувањето, работата на органите на Комората, Стручната служба на КИРСМ, Комисиите и работни тела на Комората, активности преку одржани семинари, обуки и работилници, меѓународната и регионалната соработка на Комората, односите со домашни и странски институции, медиуми и друго.

## 1.Општ преглед за Комората и активностите на извршителите во Република Северна Македонија

Извршителите и замениците на извршителите во Република Северна Македонија задолжително се здружуваат во Комора на извршители на РСМ. Во оваа извештајна година, вкупниот број на извршители запишани во Именик на извршители на ден 31.12.2023 година изнесува 95 извршители, и истите се распоредени на 11 подрачја на основните судови во Република Северна Македонија.

Измените во оваа година во број на извршители и пополнетост на предвидени извршителски места во однос на минатата извештајна година, е резултат на упис и бришење на извршители во Именикот на извршители на **5 ( пет)** извршители.

Во оваа извештајна година се спроведе бришење од Именик на извршители при Комората на извршители, на следните извршители:

1. Извршител Томислав Џумеркоски од Прилеп чија што должност престана со навршување на 64 години возраст, согласно закон;
2. Извршител Светлана Јосифоска од Скопје чија што должност престана, по негово барање;
3. Извршител Снежана Андреевска од Скопје чија што должност престана со навршување на 64 години возраст, согласно закон;
4. Извршител Николина Стојковска од Битола чија што должност престана, по негово барање;
5. Извршител Драган Кочовски од Велес чија што должност престана со навршување на 64 години возраст, согласно закон

Во оваа извештајна година Министерството за правда на РСМ именуваше **10 (десет)** извршители:

1. Извршител Добрин Каламатиев за подрачјето на Основен граѓански суд Скопје и Основен кривичен суд Скопје;

2. Извршител Никола Николовски за подрачјето на Основен граѓански суд Скопје и Основен кривичен суд Скопје;

3. Извршител Димитар Ѓоршевски за подрачјето на Основен суд Битола и Основен суд Ресен;

4. Извршител Зорица Симиќ за подрачјето на Основен граѓански суд Скопје и Основен кривичен суд Скопје на местото на извршител Светлана Јосифоска (поранешен извршител од Скопје);

5. Извршител Јадранка Пајиќ Поп Кочева за подрачјето на Основен граѓански суд Скопје и Основен кривичен суд Скопје на местото на извршител Снежана Андреевска (поранешен извршител од Скопје);

6. Извршител Виктор Џумеркоски за подрачјето на Основен суд Прилеп и Основен суд Крушево на местото на извршител Томислав Џумеркоски (поранешен извршител од Прилеп);

7. Извршител Сашо Стојковски за подрачјето на Основен суд Битола и Основен суд Ресен на местото на извршител Николина Стојковска (поранешен извршител од Битола);

8. Извршител Лидија Радеска [1] за подрачјето на Основен граѓански суд Скопје и Основен кривичен суд Скопје;

9. Извршител Бране Милчески[2] за подрачјето на Основен суд Струмица и Основен суд Радовиш;

10. Извршител Марија Попов[3] за подрачјето на Основен суд Велес, Основен суд Гевгелија, Основен суд Кавадарци и Основен суд Неготино.

Во оваа извештајна година, вкупниот број на заменици извршители кои се вработени во канцеларијата на извршител, изнесува **13 ( тринаесет )** заклучно со 31.12.2023 година.

[1] Новоименуваниот извршител Лидија Радеска започнува со работа во 2024 година

[2] Новоименуваниот извршител Бране Милчевски започнува со работа во 2024 година

[3] Новоименуваниот извршител Марија Попов започнува со работа во 2024 година

На барање на Комората 93 извршители пополнија и приложија до КИРСМ анкетни листови за 2023 година, по чие сумирање, беа добиени следниве податоци:

| **АНКЕТА ЗА 2023 ГОДИНА** | | |
|---|---|---|
| **р.б** | **Прашање/ Извршител** | **ВКУПНО** |
| **1** | **Вкупниот број на вработени во мојата извршителска канцеларија(вклучувајки го и извршителот) изнесува:** | **420** |
| **2** | **Бројот на вработени во мојата извршителска канцеларија (не вклучувајќи го извршителот и волонтерите) изнесува: НАПОМЕНА:Ве молиме изразете го степенот на завршено образование на вработениот според работното место ( пр: заменикот вработен во канцеларијата ќе биде изразен само во ставката дипломиран правник со положен испит за извршители)** | **327** |
| | * со средно образование | **87** |
| | *дипломирани правници | **133** |
| | *со друго високо образование | **43** |
| | *дипломирани правници со положен правосуден испит | **92** |
| | *дипломирани правници со положен испит за извршители | **31** |
| | *основно образование | **0** |
| | *друго (наведете) Више образование | **3** |
| **3** | **Мојот Заменик извршител е:** | **0** |
| | *вработен во канцеларија ( можен одговор ДА или НЕ) | **70 одговорија- НЕ** |
| | *друг извршител (можен одговор ДА или НЕ) | **73 одговорија- ДА** |
| **4** | **Број на помошници извршители** | **29** |
| **5** | **Број на волонтери** | **17** |
| **6** | **Со колку компјутери вкупно располагате Вие и вашите вработени во извршителската канцеларија?** | **464** |
| | **Дали се истите мрежно поврзани ? ( одговорете со да или не)** | **90 одговорија- ДА** |
| **8** | **Со колку службени возила располага Вашата канцеларија?** | **66** |
| **9** | **Со колку квадратни метри располага Вашата извршителска канцеларија?** | **Вкупно: 6926 м2** |
| **10** | **Дали користите електронски пристап по чл.36 ст.10 од ЗИ до услугите на: (одговорете со да или не)** | |
| | *Централен регистар | **75 одговорија -ДА<br>14- НЕ одговори** |

| | | |
|---|---|---|
| | *Управа за јавни приходи | **64 одговорија -ДА<br>20- НЕ одговори** |
| | *КИБС | **90 одговорија- ДА** |
| | *Катастар | **90 одговорија- ДА** |
| | *е банкинг плаќање | **90 одговорија- ДА** |
| | *Агенција за вработување на РМ | **87 одговорија -ДА<br>2-НЕ одговори** |
| | *Управата за водење на матични книги | **7 одговорија -ДА<br>78- НЕ одговори** |
| | *Министерството за внатрешни работи | **3 одговорија- ДА<br>82 одговорија- НЕ** |
| | *Министерство за труд и социјална политика | **84 одговорија- ДА<br>3 одговорија- НЕ** |
| | *друго (наведете) | **5 одговорија- НЕ** |
| **11** | ***On line бази на закони и прописи (Службен весник, академика или др.)** | **20 одговорија- ДА<br>58 одговорија- НЕ** |
| **12** | **Извршителот има квалификуван сертификат издаден од овластен издавач на сертификати - токен за електронски потпис? (одговорете со да или не)** | **82 одговорија- ДА** |

Согласно што, вкупниот број на вработени лица во извршителските канцеларии, не вклучувајќи ги извршителите и волонтерите, изнесува 327 .

| Година | Број на извршители | Број на вработени | Просечен број на вработени во канцеларија без извршител |
|---|---|---|---|
| 2008 | 54 | 231 | 4,28 |
| 2009 | 77 | 177 | 2,95 |
| 2010 | 79 | 375 | 4,69 |
| 2011 | 91 | 339 | 3,85 |
| 2012 | 92 | 400 | 4,35 |
| 2013 | 98 | 460 | 4,69 |
| 2014 | 97 | 507 | 5,23 |
| 2015 | 99 | 526 | 5,31 |
| 2016 | 98 | 509 | 5,19 |
| 2017 | 101 | 520 | 5,14 |
| 2018 | 97 | 422 | 4,35 |
| 2019 | 91 | 362 | 4,02 |
| 2020 | 99 | 351 | 3,61 |
| 2021 | 96 | 335 | 3,48 |
| 2022 | 92 | 329 | 3,57 |
| 2023 | 93 | 327 | 3,51 |

## 1.1 Техничка и кадрова опременост на КИРСМ

Во однос на техничката опременост на КИРСМ, истата располага со: 4 Десктоп компјутери со MS Office, 2 лаптоп компјутери, 5 принтери, 1 факс, 1 ЛЦД проектор, 1 телевизор, 2 фотокопири, 2 скенери, 3 статични телефонски апарати, 1 метален сеф, 1 огноотпорен ормар, мебел и работни бироа.

Кадровскиот капацитет на Стручната служба на КИРСМ, се состои од три лица во редовен работен однос на неопределено време и две лица во работен однос на определено време. Едно лице е вработено во редовен работен однос на неопределено време како помлад стручен соработник[4], едно лице е вработено во редовен работен однос на неопределено време како стручен соработник, едно лице е вработено во редовен работен однос на неопределено време како самостоен референт за архивско и канцелариско работење и две лица се вработени на определено време, како правници.

## 1.2 Анализа на постигнати резултати во извршувањето

Споредбено по години, резултатите за спроведување на извршување врз основа на доставените извешти за работа на извршителите се следните:

Во извештајната 2023 година, бројот на вкупно[5] примени барања за извршување во извршителските канцеларии изнесува 170.874 барања.

Во вкупниот број на примени барања за извршување за 2023 година се изразени примени барања за извршувања кои извршителите ги преземале од канцеларии на извршители чија должност престанала – **Реално ново примени барања за извршувања во 2023 година има 100.334 предмети а останатите 70.540 предмети се предмети кои ги имаат наследено новоименуваните извршители од извршителите чија должност престанала, а согласно Правилникот за формата и содржината на кварталниот извештај и годишниот писмен извештај за работата на извршителот истите се појавуваат како новопримени предмети кај новоименуваните извршители**.

Во оваа извештајна година бројот на завршени предмети од страна на извршителите се 64.010 [6]предмети и **процентот на реализација изнесува 37,46%.**

| Година | Примени барања | Реализирани | Процент на реализација | Наплатени средства во евра |
|---|---|---|---|---|
| 2006 | 6,335 | 2,750 | 43.41% | 20,217,987.00 € |

4 Помладиот стручен соработник од 24.10.2019 година е назначен за вршител на должност Генерален секретар на КИРСМ.

[5] Податоците за оваа ставка се изразени согласно Правилникот за формата и содржината на кварталниот извештај и годишниот писмен извештај за работата на извршителот

[6] Согласно Одлука на Собрание на КИРСМ дел.бр.02-395/5 од 19.06.2024 година, податоците за оваа ставка се превземаат од Годишните писмени извешти за работата на извршителите за 2023 година

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2007 | 30,098 | 12,102 | 40.21% | 49,294,201.00 € |
| 2008 | 40,141 | 14,332 | 35.70% | 60,054,078.00 € |
| 2009 | 58,516 | 22,901 | 39.14% | 78,054,164.00 € |
| 2010 | 67,297 | 35,607 | 36.76% | 94,760,634.00 € |
| 2011 | 73,570 | 30,668 | 42.65% | 80,106,316.00 € |
| 2012 | 164,055 | 33,384 | 25.74% | 104,312,352.00 € |
| 2013 | 141,115 | 38,205 | 33.96% | 127,780,882.00 € |
| 2014 | 159,575 | 49,452 | 30.99% | 107,876,768.00 € |
| 2015 | 154,522 | 52,457 | 33.95% | 107,646,962.00 € |
| 2016 | 227,836 | 54,720 | 24,02% | 118,964,677.41 € |
| 2017 | 88,723 | 56,163 | 63,30 % | 166,224,905.97 € |
| 2018 | 112,250 | 62,515 | 55,69% | 126,966,895.41 € |
| 2019 | 121,812 | 57,065 | 46,84% | 123,255,351.58 € |
| 2020 | 101,360 | 42,233 | 41,66% | 123,163,049.63 € |
| 2021 | 123,668 | 59,205 | 47,87% | 130,005,233.91 € |
| 2022 | 152,079 | 58,201 | 38,27% | 144,350,068.56 € |
| 2023 | 170,874 | 64,010 | 37,46 | 159,761,407.17 € |
| **Вкупно за 18 години** | 1,993,826 | 745,970 | **37,41%** | **1,922,795,933.64 €** |

Вкупниот износ на наплатени средства од извршување кои извршителите го наплатиле во 2023 година изнесува 159.761.407,17 евра.

| Податоци од резултати по подрачја на извршители од 2023 година | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Подрачје | Број на извршители | Примени барања | Реализиран и | Процент на реализација | Наплатени средства во евра |
| 1. Основен суд Кочани, Основен суд Берово, Основен суд Виница и Основен суд Делчево | 4 | 6469 | 1780 | 9.65 | 2,218,120.63 € |
| 2. Основен суд Битола и Основен суд Ресен | 6 | 10656 | 3385 | 12.16 | 9,209,455.32 € |
| 3. Основен суд Велес, Основен суд Гевгелија, Основен суд Кавадарци и Основен суд Неготино | 11 | 16139 | 6261 | 9.64 | 7,707,254.54 € |
| 4. Основен суд Гостивар и Основен суд Кичево | 5 | 10806 | 4567 | 9.19 | 7,336,599.72 € |
| 5. Основен суд Куманово, Основен суд Крива Паланка и Основен суд Кратово | 8 | 9415 | 4606 | 9.01 | 7,715,569.71 € |
| 6. Основен суд Охрид, Основен суд Струга и Основен суд Дебар | 4 | 4993 | 2536 | 14.34 | 9,364,065.66 € |
| 7. Основен суд Прилеп и Основен суд Крушево | 4 | 6385 | 2786 | 11.86 | 5,735,804.24 € |
| 8. Основен суд граѓански суд Скопје и Основен кривичен суд Скопје | 34 | 80324 | 28065 | 10.17 | 92,440,068.21 € |
| 9. Основен суд Струмица и Основен суд Радовиш | 8 | 7343 | 2921 | 8.89 | 6,797,772.59 € |
| 10. Основен суд Тетово | 5 | 10569 | 4360 | 9.73 | 6,961,307.20 € |
| 11. Основен суд Штип и Основен суд Свети Николе | 6 | 7775 | 2743 | 12.99 | 4,275,389.35 € |
| ВКУПНО: | **95** | **170874** | **64010** | **10** | **159,761,407.17 €** |

Процентот на реализација[7] во 2023 година, кој е изразен како соодност на вкупно реализираните барања за извршување од примените барања за извршување во извештајната година согласно Правилникот за форма и содржина на кварталниот извештај и Годишниот писмен извештај за работата на извршителот е прикажан во табелата за процент на реализација за 2023 година. Најмногу реализирани барања за извршување од примените во 2023 година или 14.34% има подрачјето на Основен суд Охрид, Основен суд Струга и Основен суд Дебар, додека пак подрачјето на Основен суд Струмица и Основен

[7] Процентот на реализација е изразен согласно Правилникот за форма и содржина на кварталниот извештај и Годишниот писмен извештај за работата на извршителот

суд Радовиш имаат најмал процент на реализација на примени барања за извршување во 2023 година односно 8.89%.




Табеларен приказ на процентот на реализација споредбено за последните десет години :

| Подрачје | Процент на реализација во 2014 година | Процент на реализација во 2015 година | Процент на реализација во 2016 година | Процент на реализација во 2017 година | Процент на реализација во 2018 година | Процент на реализација во 2019 година | Процент на реализација во 2020 година | Процент на реализација во 2021 година | Процент на реализација во 2022 година | Процент на реализација во 2023 година |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1. Основен суд Кочани, Основен суд Берово, Основен суд Виница и Основен суд Делчево** | **35,76** | 43,92 | 34,96 | 19,52 | 10,23 | 9,81 | 12,38 | 19,21 | 9,33 | 9,65 |
| **2. Основен суд Битола и Основен суд Ресен** | **44,6** | 49,6 | 37,07 | 22,96 | 18,53 | 16,09 | 13,99 | 22,38 | 15,70 | 12,16 |
| **3. Основен суд Велес, Основен суд Гевгелија, Основен суд Кавадарци и Основен суд Неготино** | **48,39** | 41,08 | 42,59 | 15,67 | 5,81 | 8,33 | 7,67 | 12,61 | 8,10 | 9,64 |
| **4. Основен суд Гостивар и Основен суд Кичево** | **17,93** | 29 | 12,91 | 9,49 | 7,20 | 4,81 | 7,01 | 17,76 | 9,25 | 9,19 |
| **5. Основен суд Куманово, Основен суд Крива Паланка и Основен суд Кратово** | **31,17** | 32,56 | 18,61 | 14,46 | 10,96 | 6,67 | 7,21 | 14,75 | 5,37 | 9,01 |
| **6. Основен суд Охрид, Основен суд Струга и Основен суд Дебар** | **34,17** | 29,32 | 23,97 | 15,61 | 12,59 | 11,03 | 10,46 | 24,15 | 13,36 | 14,34 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **7. Основен суд Прилеп и Основен суд Крушево** | **32,06** | 34,17 | 46,24 | 22,44 | 11,63 | 8,96 | 7,92 | 16,13 | 10,69 | 11,86 |
| **8.Основен граѓански суд Скопје и Основен кривичен суд Скопје** | **26,6** | 31,02 | 19,91 | 14,12 | 9,86 | 10,30 | 9,50 | 16,88 | 11,44 | 10,17 |
| **9. Основен суд Струмица и Основен суд Радовиш** | **39,66** | 39,83 | 37,21 | 21,22 | 8,91 | 9,30 | 9,33 | 13,13 | 9,45 | 8,89 |
| **10. Основен суд Тетово** | **20,65** | 20,58 | 13,12 | 8,23 | 6,55 | 7,09 | 8,39 | 17,01 | 11,86 | 9,73 |
| **11. Основен суд Штип и Основен суд Свети Николе** | **37,28** | 39,28 | 37,65 | 24,72 | 21,12 | 14,21 | 13,28 | 23,56 | 15,50 | 12,99 |

Според податоците од оваа извештајна година во поглед на висина на наплатени средства за доверителите, извршителите од подрачјето на Основниот граѓански суд Скопје и Основниот кривичен суд Скопје имаат најмногу наплатено парични средства и тоа во висина од 5.685.064.195,00 денари додека пак најмалку наплатени парични средства има кај извршителите на подрачјето на Основен суд Берово, Основен суд Делчево, Основен суд Виница и Основен суд Кочани во висина од 136.414.419,00 денари.




Согласно податоците од доставените извештаи за работата на извршителите за оваа извештајна година најголемиот број од применените извршни исправи биле успешно реализирани во период на времетраење од повеќе од една година од моментот на поднесување на барањето за извршување:




| | 2014 година | 2015 година | 2016 година | 2017 година | 2018 година | 2019 година | 2020 година | 2021 година | 2022 година | 2023 година |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| над 1 година | 18453 | 22899 | 27537 | 32004 | 37775 | 32372 | 24453 | 32996 | 29239 | 39293 |
| од 6 до 12 месеци | 7037 | 7290 | 6781 | 6792 | 4655 | 4473 | 4411 | 5129 | 5660 | 6364 |
| од 3 до 6 месеци | 5726 | 5521 | 4649 | 5181 | 3981 | 4105 | 3199 | 4636 | 5238 | 5495 |
| до 3 месеци | 18236 | 16729 | 15713 | 13440 | 16061 | 16407 | 13083 | 20344 | 22637 | 25168 |

Споредбено по години, во бројот на реализирани извршни исправи од страна на извршителите во 2023 година се забележува зголемување, па во оваа извештајна година реализирани се вкупно 64.010 извршни исправи.




| | 2012 година | 2013 година | 2014 година | 2015 година | 2016 година | 2017 година | 2018 година | 2019 година | 2020 година | 2021 година | 2022 година | 2023 година |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Series1 | 33,384 | 38,205 | 49,452 | 52,457 | 54,720 | 56,163 | 62,515 | 57,065 | 42,233 | 59,205 | 58,201 | 64,010 |

## Сума на наплатени средства според доверители

Врз основа на добиените податоци од квартални извештаи за 2023 година, според структура на доверители, извршителите во полза на државата наплатиле вкупен износ од 4,337.677,30 евра. Воедно, во истиот период, назад во стопанството се влезени вкупно 132.328.860,70 евра, благодарение на реализацијата од страна на извршителите во РСМ, додека пак во полза на физичките лица - доверители реализирани се 25.082.400,55 евра.

| Сума на наплатените средства според доверители | Износ во денари и евра за 2023 година | |
|---|---|---|
| - за физички лица | 1.542.567.634,01 ден | 25.082.400,55 € |
| - за правни лица | 8.138.224.933,02 ден | 132.328.860,70 € |
| - за РМ | 266.767.154,00 ден | 4.337.677,30 € |




## Сума на наплатени средства според должници

Според структура на должници, извршителите во 2023 година наплатиле најмногу парични средства од должници правни лица, поточно 90.339.126,41 евра, потоа од

физички лица износ од 41.890.807,27 евра и крајно од Република Северна Македонија износ од 29.532.197,43 евра.

| Сума на наплатените средства според должници | Износ во денари и евра за 2023 година | |
|---|---|---|
| - од физички лица | 2.576.284.647,01 ден | 41.890.807,27 € |
| - од правни лица | 5.555.856.274,02 ден | 90.339.126,41 € |
| - од РМ | 1.816.230.142,00 ден | 29.532.197,43 € |




Комората направи анализа на податоците, врз основа на доставените квартални извештаи од извршителите според основот на побарувањето за кое е поднесено барање за извршување. Бројот на поднесени барања за реализирање на непарични побарувања во извештајната 2023 година е вкупно 14 барања за извршување



## 2. Активности на КИРСМ преку органите и комисиите на Комората

Собранието на КИРСМ во текот на оваа извештајна година одржа една седница на Редовно Годишно Собрание и од закажани три Вонредни седници на Собрание на КИРСМ, во текот на 2023 година се одржаа две седници на Вонредно Собрание на КИРСМ.

**На седница на 17-то Редовно Годишно Собрание на КИРСМ одржано на ден 25.02.2023 година** во хотел Гранит, Охрид беа донесени следните одлуки и заклучоци: „Се усвојува Годишниот извештај за работата на КИРСМ од 01.01.2022 до 31.12.2022 година.“ ;„Се усвојува Годишна сметка, финансиски извештај за работата на КИРСМ за 2022 година и финансиски план на КИРСМ за 2023 година. „Собранието на КИРСМ го овластува Управниот одбор на КИРСМ, по сумирање на податоците од годишните извештаи кои извршителите ги доставуваат до 15 март во Комората, да изврши споредување на податоците од збирот на квартални извештаи со податоците од годишните извештаи од извршителите и по нивно усогласување да ги вметне податоците во Годишниот извештај за работа на Комората на извршители на РСМ за 2022 година, и потоа да го објави Годишниот извештај на веб страната на Комората и да го достави до Министерството за правда на РСМ.“; „Собранието на Комората се согласува доколку има потреба средствата кои се наоѓаат на посебната сметка на Комората или дел од нив, согласно потребата да се пренаменат за купување на деловниот простор на Комората, со што ќе се намали износот на учество за земен кредит. Кога ќе се исплати кредитот, износот на парите од посебната сметка кои се позајмени, да се вратат на сметката и да потрошат согласно намената.“; „Во врска со поднесените барања за информации од јавен карактер поднесени до Комората од страна на медиумите или други баратели, Комората на извршители ќе оперира единствено со податоците од Годишниот извештај усвоен од страна на Собранието на КИРСМ.“; „Се овластува Управниот одбор на КИРСМ пред донесување на измени на Законот за извршување, да преземе мерки кон решавање на проблемот со нелојалната конкуренција, преземање мерки и активности во врска со рамномерната распределба на предмети по извршители, да разговара со претставници од банки, државните органи и комуналните претпријатија.“ и „ Комората на извршители да побара дополнување на член 28 од Законот за извршување и тоа со нов став 2 кој ќе гласи: Барањето за извршување каде како должник и доверител се јавува Република Македонија и нејзините државни органи, Акционерски друштва со претежна државна сопственост, Државно Јавни и Општинско јавни претпријатија односно Јавните претпријатија основани од државата и органите на локалната самоуправа се поднесуваат до Комората на

извршители на РСМ.  Став 3 во член 28 од ЗИ да гласи: Комората на извршители на РСМ примените Барања за извршувања рамномерно ги распределува на извршителите во РСМ.“

**За ден 17.06.2023 година во** хотел Дрим, Струга беше закажана седница на Вонредно Собрание на КИРСМ, со точка на дневен ред: „Измени на Статут на КИРСМ“, но истата не се одржа, поради немање кворум за работа.

**На седница на Вонредно Собрание на КИРСМ одржана на ден 10.08.2023 година** во хотел Континентал, Скопје беа донесени следните одлуки: „За Претседател на Комората на извршители на Република Северна Македонија е избран извршител Весна Деловска од Скопје, со мандат од 12.10.2023 година.“; „За член на Управен одбор на КИРСМ од подрачјето на Апелационен суд Битола е избран извршител Каролина Таневска од Прилеп со мандат од три години сметано од 11.08.2023 година.“;„ За член на Управен одбор на КИРСМ од подрачјето на Апелационен суд Скопје е избран извршител Методија Костадинов од Скопје со мандат од три години сметано од 17.11.2023 година.“;„За член на Управен одбор на КИРСМ од подрачјето на Апелационен суд Штип е избран извршител Александар Чамовски  од Струмица, со мандат од три години сметано од 17.11.2023 година.“; „За член на Управен одбор на КИРСМ од подрачјето на Апелационен суд Гостивар е избран  извршител Сашо Перовски  од Тетово, со мандат од три години сметано од 17.11.2023 година.“;„За заменик член на Дисциплинска комисија на Комората на извршители на РСМ од редот на извршителите е избран извршител Фросина Петровиќ Стојмановска од Куманово со мандат од три години сметано од 11.08.2023година.“; „За член на Дисциплинска комисија на Комората на извршители на РСМ од редот на извршителите е избран извршител  Славица Ацовска  од Тетово со мандат од три години сметано од 02.10.2023година.“; „За член на Дисциплинска комисија на Комората на извршители на РСМ од редот на извршителите е избран извршител Гордана Џутевска од Охрид со мандат од три години сметано од 13.11.2023година.“;„За член на Дисциплинска комисија на Комората на извршители на РСМ, по предлог на Советот на јавни обвинители од редот на обвинителите е избран обвинител г-ѓа Душица Димитриеска со мандат од три години сметано од 13.11.2023година.“

**На седница на Вонредно Собрание на КИРСМ одржана на ден 03.11.2023 година** во хотел Радика, Маврово беше донесена,

ОДЛУКА за дополнување на Статут на КИРСМ

Член 1

Се дополнува член 5 од Статутот на КИРСМ на начин што по ставот 2 се додаваат три нови ставови кои гласат:„Комората има своја табла за означување на службените простории на седиштето на Комората, во првоаголна форма со содржина:„ Република Северна Македонија - Комора на извршители на Република Северна Македонија’’

Текстот на таблата е напишан на македонски јазик и неговото кирилско писмо, на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо како и на англиски јазик, со иста големина и фонт, при што називот на македонски јазик и писмо е напишан прв.“

Таблата ги има следните димензии 50 сантиметри во основа и 30 сантиметри во височина.“

Член 2

Се дополнува член 6 од Статутот на КИРСМ на начин што по ставот 3 се додава нов став 4 кој гласи:„ Текстот на печатот е испишан на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот што го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните и неговото писмо.“ Ставот 4 станува став 5.

Член 3

Се дополнува член 7 од Статутот на КИРСМ на начин што по ставот 2 се додава нов став 3 кој гласи:„ Текстот на штембилот е испишан на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот што го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните и неговото писмо.“ Ставот 3 станува став 4.

Член 4

Оваа одлука за дополнување на Статутот на КИРСМ влегува во сила и во примена осмиот ден од денот на нејзиното објавување на веб страната на Комората на извршители на Република Северна Македонија.

На Вонредно Собрание на КИРСМ одржана на ден 03.11.2023 година, беа донесени и следните одлуки: „За член на Управен одбор на КИРСМ од подрачјето на Апелационен суд Скопје е избран Влатко Лалков од Кавадарци, со мандат од три години сметано од 17.11.2023 година.“ и „За заменик член на Дисциплинска комисија на Комората на извршители на РСМ од редот на извршителите е избран извршител Васко Блажевски од Скопје со мандат од три години, сметано од 03.11.2023 година.“

## 2.1 Управен одбор на КИРСМ

Управниот одбор на КИРСМ во текот на 2023 година има одржано **13** (тринаесет) седници на кои се донесени **107** (сто и седум) одлуки, **24** (дваесет и четири) заклучоци и

бие усвоени две правни мислења од Стручен совет на КИРСМ[8]. Како поважни одлуки и заклучоци донесени од страна на Управниот одбор на КИРСМ, се издвојуваат:

- Се закажува седница на Редовно годишно Собрание на Комората на извршители на РСМ со датум за одржување 24.02.2023 година во х. Гранит Охрид;
- Се утврди предлог - дневен ред за седница на 17 –то Редовно годишно Собрание на КИРСМ;
- Се утврдува термин за одржување на Семинар на извршители на РСМ од 25-26.02.2023 година со место за одржување во хотел Гранит Охрид;
- Се усвојува Програма за задолжителна и континуирана едукација на извршителите за 2023 година, согласно член 78 став 1 точка д) од ЗИ;
- Се разгледа и усвои Предлог– Финансискиот извештај за работата на КИРСМ за период од 30.09.2022 год до 31.12.2022 год и за период од 01.01.2022 год. до 31.12.2022 година;
- Се задолжува Претседателот на КИРСМ да иницира постапки пред надлежен нотар за издавање на нотарски платни налози против извршителите за сите долгови по основ на неплатени членарини по фактури со датум над две години сметано од денот на валута;
- Се склучува Анекс на договор за засновање на работен однос на определено време дел.бр.04-265/2 од 01.08.2022 година, со Марија Белевска на работното место- правник во КИРСМ, за период од 6 месеци и тоа сметано од 01.02.2023 година до 01.08.2023 година;
- Се склучува Анекс на договор за закуп на деловен простор на КИРСМ со закуподавач Бранко Јовановски од Скопје за закуп на деловен простор на ул. Костурски херои 66/6 Скопје, под истите услови од Договорот, за времетраење на закупот од една година, заклучно со 31.12.2023 година;
- Се формира Комисија за утврдување на предлог по пат на ждрепка согласно член 74 став 2 од ЗИ за предметите од канцеларијата на извршител Славе Кромидоски од Прилеп чија должност престана, помеѓу извршителите именувани на подрачјето на Основен суд Прилеп и Основен суд Крушево;
- Се формира Комисија за утврдување на предлог по пат на ждрепка согласно член 74 став 2 од ЗИ за предметите од канцеларијата на извршител на извршител Ненад Миноски од Гостивар чија должност престана, помеѓу извршителите именувани на подрачјето на Основен суд Гостивар и Основен суд Кичево;

[8] Правните мислења се прилог кон овој Годишен извештај за работата на КИРСМ

- Се одобрува Одлука дел.бр.02-43/1 од 26.01.2023 година на Претседател на КИРСМ за формирање на Комисија за примопредавање на предметите, списите, уписниците, електронската евиденција и состојбата на сметките, која се водела во канцеларијата на Елена Стрезовска, поранешен извршител од Охрид на извршител Дејан Костовски именуван за подрачјето на Основен суд Охрид, Основен суд Струга и Основен суд Дебар, определен да ги превземе и да продолжи со работа по предметите на Елена Стрезовска, поранешен извршител од Охрид;
- Се доделува донација на парични средства како помош за настраданото население од земјотресите во Турција и Сирија во висина до 100.000,00 денари;
- Управниот одбор на КИРСМ состави Предлог финансиски план на КИРСМ за 2023 година и истиот ќе биде доставен до Собранието на КИРСМ за усвојување;
- Се утврдува Агенда за Семинар на извршителите за ден 25 и 26 февруари 2023 година, што ќе се одржи во хотел Гранит, Охрид;
- Се усвојува Предлог за измена и дополнување на Тарифа за награда и надоместок на другите трошоци за работата на извршителите, изготвен од страна на Нормативната Комисија. Усвоениот Предлог Тарифа за награда и надоместок на другите трошоци за работата на извршителите, да се достави до Министерот за правда;
- Се прифаќа доставената покана од СИЛК за студиска посета на ХАГ, Холандија во периодот од 04.04.2023 до 07.04.2023 година, во рамките на Проектот за зајакнување на спроведувањето на Балканот, имплементирано од центарот за меѓународна–правна соработка (СИЛК), финансирано од Холандското министерство за надворешни работи;
- Се презакажува одржувањето на 17-то Редовно Годишно Собрание на КИРСМ за ден 25.02.2023 година (сабота) со почеток во 11 часот и 30 минути во Хотел Гранит Охрид со истиот предлог дневен ред;
- Се избира Мери Дика Георгиевска, в.д. Претседател на Апелационен суд Скопје за член на Стручен совет на КИРСМ, со мандат од 1 година;
- Се проширува составот на работната група за изготвување на Стратегија за правосудството 2022-2027 година со четири нови членови од КИРСМ, и тоа: извршител Ванчо Марковски, извршител Билјана Николовска, извршител Зоран Петрески и извршител Гордан Станковиќ, со цел да изготват анализа на досегашното извршување на предмети од комунална дејност согласно важечкиот Закон и Тарифа и да преложат модел на извршување на долговите по основ на комунални услуги;
- Писмено Барање од ЕВН Македонија АД Скопје, заведено во КИРСМ со дел.бр.03-129/1 од 23.02.2023 година, се доставува до Стручниот совет на КИРСМ на разгледување и

давање мислење. Мислењето од Стручниот совет на КИРСМ ќе биде разгледано на некоја наредна седница на УО, по што ќе се изготви и достави одговор до ЕВН Македонија АД Скопје. Кога ќе се добие мислење од Стручниот совет на КИРСМ, ќе се дискутира на седница на Управен одбор за потребата од дополнување на мислењето со став 2: „Извршител може да извршува времена мерка доколку судот донел одлука со која изрично определил дека извршувањето на времената мерка ќе се спроведе преку надлежен извршител.“;

- Комората на извршители на РСМ ќе започне процес на обезбедување на технички услови кои што ќе бидат потребни за да се приклучи на платформата за интероперабилност, пред се со изнаоѓање на финансиски извори за реализација. Кога ќе бидат создадени услови за да Комората се приклучи на платформата за интероперабилност, ќе се стапи во контакт со Министерството за информатичко општество и администрација;
- Комората на извршители ќе објави оглас за вработување на Правник и Референт за канцелариско и архивско работење на определено работно време за потребите на Стручната служба на КИРСМ.
- Се номинираат Ванчо Марковски, Претседател на КИРСМ и Николче Диневски, Потпретседателот на КИРСМ за членови на делегацијата од Комората на извршители на РСМ кои ќе учестваат на Годишен конгрес на МУСИ во Луксембург во деновите 11 и 12 мај 2023 година;
- Се формира работна група за организација на меѓународен фудбалски турнир во состав: Извршител Драган Кочовски, Извршител Андреја Буневски и Извршител Васко Еленов која ќе организира одржување фудбалски натпревар/и на екипи од странски сродни Комори. Секоја екипа сама ги сноси трошоците за пат и сместување а Комората на извршители на РСМ како добар домаќин, ќе обезбеди фудбалски терен, судии за фудбалските натпревари, храна за еден ден за сите учесници и трофеи како награда.
- Се формира Комисија за примопредавање на предмети, списи, уписници, електронска евиденција и состојби на сметки од канцеларијата на Ненад Миноски, поранешен извршител од Гостивар, на определениот извршител Јасер Асани од Гостивар;
- Се формира Комисија за примопредавање на предмети, списи, уписници, електронска евиденција и состојби на сметки од канцеларијата на Славе Кромидоски, поранешен извршител од Прилеп, на определениот извршител Каролина Таневска од Прилеп;
- Се формира Комисија за примопредавање на предмети, списи, уписници, електронска евиденција и состојби на сметки од канцеларијата на Благојче Кипровски, поранешен извршител од Скопје на определениот извршител Андреја Буневски од Скопје;

- Се одобрува Одлука донесена од страна на Претседателот на КИРСМ за формирање на Комисија за утврдување на предлог по пат на ждрепка, за избор на извршител кој ќе ги преземе предметите од канцеларија на поранешен Извршител Антончо Коштанов, дел.бр.02-139/1 од 01.03.2023 година;
- Се закажува одржување на семинар на извршителите во периодот од 16-18 јуни 2023 година. Семинарот на извршителите ќе се одржи во хотел „Дрим" Струга;
- Управниот одбор на КИРСМ ги утврдува теми и предавачи за теми за Семинар на извршителите кој ќе се одржи во период од 16-18 јуни 2023 година, во хотел „Дрим" Струга;
- Годишниот извештај за работа на КИРСМ за 2022 година, ќе се измени на начин што ќе се прифатат како релевантни податоците од годишните извештаи кои извршителите ги доставија до 15 март во Комората на извршители на РСМ. Претставници од КИРСМ во состав, извршители: Чедомир Личковски, Ванчо Марковски, Николче Диневски и Васко Блажевски ќе одржат состанок со двајцата претстаници од двете софтверски куќи заради согледување и утврдување на причините за разликите во податоците од кварталните и годишни извештаи од извршителите;
- Управниот одбор на КИРСМ формира Комисија за утврдување на просторни услови на канцеларијата на извршител Сашо Перовски од Тетово;
- Се продолжува рокот утврден како задолжение за Нормативната Комисија да изработи предлог измени и дополнувања на член 50 од Статутот на КИРСМ, со нови 60 дена. На седницата на Нормативната Комисија, кога ќе бидат изработени предлозите за измени на Статутот на КИРСМ, ќе учествува и претседателот на КИРСМ, Ванчо Марковски. Предлог измените на Статутот на КИРСМ ќе бидат дадени на јавна расправа, до членовите на Собранието на КИРСМ;
- Се одобрува Одлука за формирање на Комисија за спроведување на интервју со пријавени кандидати на оглас за вработување на две лица на определено време во Стручната служба на КИРСМ, донесена од страна на Претседател на КИРСМ.
- Се закажува седница на Вонредно Собрание на Комората на извршители на РСМ со датум за одржување 17.06.2023 година во х. Дрим, Струга. Се утврди предлог - дневен ред за седница на Вонредно Собрание на КИРСМ: Избор на работно претседателство, верификациона комисија, заверувачи на записник и записничар; Измени на Статут на КИРСМ Скопје и Разно;
- Се утврдува Агенда за Семинар на извршителите на РСМ и Вонредно Собрание на КИРСМ, што ќе се одржи од 16 до 18 јуни 2023 година во хотел Дрим, Струга;

- Се одобрува барањето од извршител Љопче Димитковска за промена на презимето во Именик на извршители што го води КИРСМ. Претседателот на КИРСМ ќе изготви Решение за упис на промена во Именик на извршители што го води Комората на извршители на РСМ, на презимето на извршител Љопче Димитковска од Струмица, во извршител Љопче Ефинска од Струмица;
- Комората на извршители на РСМ ќе продолжи да ги користи услугите од Службен Весник на РСМ за уште една година, односно КИРСМ ќе ја продолжи претплатата со Службен Весник на РСМ, за една година;
- Делумно се одобрува Одлука на Претседател на КИРСМ за вработување на стручно-административни работници во КИРСМ дел.бр.02-203/3 од 15.05.2023 година, на начин што одлуката важи за вработување на лицето Емилија Алексова од Скопје на работното место Правник, НЕ важи за вработување на лицето Вера Димитриеска од Скопје на работното место Референт за канцелариско и архивско работење;
- **Управниот одбор на КИРСМ ги утврди следните Предлог измени на Статут: По ставот 1 од член 23 од Статутот се додава став 2 кој глас**и: „Со престанок на мандатот на Претседателот на КИРСМ по било кој основ од предвидените со овој Статут, престанува мандатот и на сите членови на УО на КИРСМ, по што во рок од 30 дена УО на КИРСМ ќе закаже и одржи Вонредно Собрание за избор на Претседател и членови на УО на КИРСМ. По престанок на мандатот на Претседателот на КИРСМ, со УО на КИРСМ раководи Потпретседателот на КИРСМ се до избор на нов Претседател на КИРСМ и членови на УО на КИРСМ. Ставот 2 од член 23 од Статутот, станува став 3. **Член 50 од Статутот на КИРСМ гласи:** Изборот на Претседател на КИРСМ се врши во рок од 30 дена пред истекот на редовниот мандат на Претседателот на Комората - редовна постапка за избор. Управниот одбор на Комората е должен да закаже одржување на Собрание на извршители за редовниот избор со определување на времето и местото каде ќе се одржи Собранието за избор, најмалку 30 дена пред денот на одржување на изборот, а одлуката на УО на КИРСМ Скопје, за свикување Собрание на кое ќе се одржат изборите се доставува веднаш по нејзиното донесување по електронски пат до секој извршител. Кандидирањето за Претседател на КИРСМ се врши по писмен пат со доставување на кандидатура до Комората, поддржана од најмалку 5 (пет) извршители, заедно со согласноста за извршување на должност претседател од кандидатот. Предлагањето на кандидати за Претседател на КИРСМ се врши во рок од најмалку 15 дена од денот на одржување на изборот. Доколку постапката за избор за Претседател поради дадена оставка во рок повеќе од 30 дена пред истекот на мандатот на

Претседателот согласно одредбите од овој статут, вонреден избор за Претседател на КИРСМ, се врши во рок од 30 дена од денот на утврдување на оставката од страна на Управниот одбор а со УО на КИРСМ и со Собранието во тој период раководи Потпретседателот на Комората до избор на нов Претседател. Кандидирањето согласно став 5 од овој член се врши во рок од најмалку 15 дена пред денот на одржување на вонредните избори за претседател на КИРСМ. Секој кандидат за Претседател е должен да достави до Комората програма според која што ќе работи доколку биде избран за Претседател на Комората. Секој кандидат е должен усно, пред Собранието да ја образложи својата програма за Претседател. Во првиот круг од гласањето за претседател на КИРСМ се смета дека е избран оној кандидат за кого гласале повеќе од половина од извршителите кои се членови на Собранието. Ако ниту еден од кандидатите не добие мнозинство гласови од вкупниот број на извршители во прв круг на гласање а се кандидирале повеќе од еден кандидат, се спроведува втор круг на гласање во кој влегуваат двајца кандидати кои добиле најмногу гласови во првиот круг. Доколку на листата за кандидати за Претседател на КИРСМ има пријавено само еден кандидат и истиот не го добие потребното мнозинство утврдено во став 9 од овој член , се спроведува втор круг на гласање на кој повторно се гласа за тој кандидат. Во вториот круг на гласање за претседател се смета дека е избран кандидатот кој добил мнозинство гласови од присутните извршители кои гласале, доколку на изборот гласале повеќе од половина на извршителите кои се членови на Собранието. **Член 51 од Статутот на КИРСМ гласи**: Избор на членови на Управен одбор на КИРСМ Скопје, се врши во рок од 30 дена пред истекот на мандатот- редовна постапка за избор. Управниот одбор е должен да донесе одлуката за закажување на седница на Собрание за избор на членови на Управен одбор, со определување на време и место каде ќе се одржи Собранието за избор, пред истекот на рокот од 30 дена. Управниот одбор на Комората е должен да закаже одржување на Собрание на извршители за редовниот избор со определување на времето и местото каде ќе се одржи Собранието за избор, најмалку 30 дена пред денот на одржување на изборот, а одлуката на УО на КИРСМ Скопје, за свикување Собрание на кое ќе се одржат изборите се доставува веднаш по нејзиното донесување по електронски пат до секој извршител. На закажаната седница за избор, Собранието со одлука го определува бројот на членови на Управен одбор. Бројот на членови на УО вклучувајќи го и Претседателот на Комората, мора да биде непарен. Новоизбраниот Претседател на Комора на извршители на РСМ, предлага листа на кандидати за избор на членови на Управен одбор, водејќи сметка за пропорционалната и територијалната застапеност на

извршителите од сите подрачја на апелационите судови на РСМ. Предложената листа од новоизбраниот Претседател, соодржи: тројца кандидати на Апелациониот суд Скопје, еден кандидат за подрачјето на Апелациониот суд Штип, еден кандидат за подрачјето на Апелациониот суд Битола и еден кандидат за подрачјето на Апелациониот суд Гостивар. Членовите на Собранието на КИРСМ можат да предложат и свои кандидати за избор на членови на УО на КИРСМ, водејќи сметка за пропорционалната и територијалната застапеност на извршителите од сите подрачја на апелационите судови на РСМ. Од кандидатската листа за подрачјето на Апелациониот суд Скопје се гласа за најмногу тројца кандидати, од кандидатската листа за подрачјето на Апелациониот суд Штип се гласа за најмногу еден кандидат, од кандидатската листа за подрачјето на Апелациониот суд Битола се гласа за најмногу еден кандидат, од кандидатската листа за подрачјето на Апелациониот суд Гостивар се гласа за најмногу еден кандидат, за член на УО на КИРСМ. За член на Управен одбор на КИРСМ Скопје, се смета дека е избран оној кандидат кој што добил мнозинство од гласовите од присутните членови на Собранието. Доколку во првиот круг на гласање, од кандидатската листа за подрачјето на Апелациониот суд Скопје ниту еден кандидат не добие мнозинство гласови, во вториот круг на гласање влегуваат двојно повеќе кандидати од бројот на кандидатите кои што треба да се изберат а што освоиле најмногу гласови. За избрани ќе се сметаат кандидатите односно кандидатот што добил мнозинство гласови од присутните членови на Собранието кои што гласале. За останатите Апелациони подрачја, во втор круг влегуваат двајца кандидати кои освоиле најмногу гласови од присутните членови на Собранието кои гласале. За избран ќе се смета кандидатот што добил мнозинство гласови од присутните членови на Собранието кои што гласале;

- Комората на извршители на РСМ да ја продолжи постапката согласно закон по прием на Решение ИП-1 бр.08-47 од 31.05.2023 година на Инспекторатот за употреба на јазиците. Комората да изготви и достави жалба до Државна Комисија за одлучување во управна постапка и постапка по работен однос во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението за да се утврди од надлежен орган дали Комората подлежи на обврски предвидени со Законот за употреба на јазиците и да се проверат одредбите од Законот за општа управна постапка, дали жалбата го одлага решението за да се утврди дали Комората треба да започне постапка на отстранување на забелешките дадени од инспекторатот.
- Управниот одбор на КИРСМ закажува одржување на Вонредно Собрание на КИРСМ ден 10 август (четврток) 2023 година за спроведување на редовна постапка за избор на

Претседател на КИРСМ со мандат од 12.10.2023 година; избор на еден член на Управен одбор на КИРСМ со мандат од 11.08.2023 година, избор на четири члена на Управен одбор на КИРСМ со мандат од 17.11.2023 година; избор на заменик член на Дисциплинската комисија при КИРСМ од редот на извршителите со мандат од 11.08.2023 година, избор на член на Дисциплинската комисија при КИРСМ од редот на извршителите со мандат од 02.10.2023 година, избор на член на Дисциплинската комисија при КИРСМ од редот на извршителите со мандат од 13.11.2023 година и избор на член на Дисциплинската комисија при КИРСМ по предлог на Советот на јавни обвинители од редот на обвинителите, со мандат од 13.11.2023 година;

- Се закажува одржување на Вонредно Собрание на КИРСМ за редовен избор на Претседател на Комората на извршители на РСМ, кое ќе се одржи во Скопје на ден 10 август (четврток) 2023 година, со почеток во 11 часот;
- На Вонредното Собрание на КИРСМ закажано на ден 10 август (четврток) 2023 година ќе се спроведе постапка на избор на еден член на Управен одбор на КИРСМ за подрачјето на Апелациониот суд Битола, со мандат од 11.08.2023 година; избор на два члена на Управен одбор на КИРСМ за подрачјето на Апелациониот суд Скопје, со мандат од 17.11.2023 година; избор на еден член на Управен одбор на КИРСМ за подрачјето на Апелациониот суд Штип со мандат од 17.11.2023 година и избор на еден член на Управен одбор на Комора на извршители на РСМ за подрачјето на Апелациониот суд Гостивар со мандат од 17.11.2023 година;
- На Вонредното Собрание на КИРСМ закажано на ден 10 август (четврток) 2023 година ќе се спроведе постапка на избор на заменик член на Дисциплинската комисија при КИРСМ од редот на извршителите со мандат од 11.08.2023 година, избор на член на Дисциплинската комисија при КИРСМ од редот на извршителите со мандат од 02.10.2023 година, избор на член на Дисциплинската комисија при КИРСМ од редот на извршителите со мандат од 13.11.2023 година и избор на член на Дисциплинската комисија при КИРСМ по предлог на Советот на јавни обвинители од редот на обвинителите, со мандат од 13.11.2023 година;
- Управниот одбор на КИРСМ го разгледа записникот од седница на Надзорен одбор на КИРСМ одржана на ден 20.06.2023 година.Се задолжува Стручната служба на КИРСМ да достави Известување до сите извршители кои должат 1 или 2 чланарини, а на извршителите кои должат 3 или повеќе чланарини да им биде доставена Опомена дека ќе биде поднесен предлог до надлежен нотар за донесување на решение со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа;

- Се закажува одржувањето на Вонредно Собрание на КИРСМ на ден 10.08.2023 година (четврток) со почеток во 11 часот во хотел„Континентал“ Скопје. Се утврдува предлог дневен ред за Вонредно Собрание на Комора на извршители на РСМ, х.„Континентал“,Скопје, 10 август 2023 година, почеток 11 часот;
- КИРСМ го продолжува договорот за вработување на определено време со вработеното лице Марија Белевска од Скопје за уште 9 месеци, започнувајќи од 06.08.2023 година. КИРСМ го продолжува договорот за вработување на определено време со вработеното лице Емилија Алексова од Скопје за уште 12 месеци, започнувајќи од 23.08.2023 година;
- Се разгледа писмена кандидатура и програма од единствениот кандидат за Претседател на КИРСМ - извршител Весна Деловска од Скопје, со дел.бр.03-318/1 од 24.07.2023 година и се утврди дека истите ги исполнуваат условите пропишани во член 50 од Статутот на Комората. Се задолжува Стручната служба на КИРСМ, програмата за Претседател на КИРСМ од извршител Весна Деловска од Скопје да ја достави до сите извршители, по електронски пат.
- Комората на извршители на РСМ да достави Иницијатива до Уставен суд за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 2 став 3, член 4 и член 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за облигационите односи, објавен во Службен Весник на РСМ бр.154 од 20.07.2023 година, со посебен предлог за изрекување на привремена мерка. Комората на извршители на РСМ од овластен предлагач да побара автентично толкување на одредбите од член 2 став 3, член 4 и член 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за облигационите односи, објавен во Службен Весник на РСМ бр.154 од 20.07.2023 година;
- За членови на Стручен совет на КИРСМ со мандат од 05.10.2023 година до 05.10.2024 година се избираат:Професор д-р Милка Ракочевиќ од Правен факултет „Јустинијан Први“Скопје; Селим Адеми од Судски совет на РСМ; Владимир Јанковски од Министерство за правда на РСМ и извршител Емилија Павловска од Штип;
- Управниот одбор на КИРСМ го разгледа записникот од седница на Надзорен одбор на КИРСМ одржана на ден 16.08.2023 година. Се усвојува финансиски извештај за работата на КИРСМ за периодот од 01.04.2023 година до 30.06.2023 година и за период од 01.01.2023 година до 30.06.2023 година;
- Комората на извршители ќе склучи Анекс договор со Фоксит ДОО Скопје за имплементација, користење и одржување на софтвер за електронска архива, одржување на компјутерска опрема и WEB страна, за период од 01.10.2023 година до 01.10.2024 година, со цена за тековно месечно одржување, во износ од 8.048,00 денари;

- Се овластува Претседателот на УО на КИРСМ да избере една од трите понуди за набавка на принтер, за потребите на КИРСМ;
- Се овластува Претседателот на УО на КИРСМ да донесе одлуки за Формирање на Комисија за утврдување на просторни услови, по поднесено барање од новоименуваните извршители: Јадранка Пајиќ Поп Кочева од Скопје, Димитар Ѓоршевски од Битола, Сашо Стојковски од Битола и Виктор Џумеркоски од Прилеп“; да донесе одлука за Формирање на Комисија за примопредавање на предмети, списи, уписници, електронска евиденција и состојби на сметки од канцеларијата на поранешен извршител Снежана Андреевска на именуваниот извршител Јадранка Пајиќ Поп Кочева од Скопје; да донесе одлука за Формирање на Комисија за примопредавање на предмети, списи, уписници, електронска евиденција и состојби на сметки од канцеларијата на поранешен извршител Николина Стојковска на именуваниот извршител Сашо Стојковски од Битола; да донесе одлука за Формирање на Комисија за примопредавање на предмети, списи, уписници, електронска евиденција и состојби на сметки од канцеларијата на поранешен извршител Томислав Џумеркоски на именуваниот извршител Виктор Џумеркоски од Прилеп;
- Комората на извршители на РСМ да изготви и испрати допис до Министерството за правда, Министерството за финансии, Министерството за економија и Стопанската Комора на РСМ во врска со доставениот извадок од 184-та седница на Влада на РСМ и во прилог на дописот да ги достави предлог измените на примената на одредбата од членот 218 од ЗИ, изготвени од страна на членовите на КИРСМ;
- Се одобрува Одлука на Претседател на КИРСМ, дел.бр.02-288/7 од 16.08.2023 година за формирање на Комисија за утврдување на просторни услови во канцеларијата на новоименуваниот извршител Добрин Каламатиев; Се одобрува Одлука на Претседател на КИРСМ дел. бр.02-289/7 од 16.08.2023 година за формирање на Комисија за утврдување на просторни услови во канцеларијата на новоименуваниот извршител Никола Николовски; Се одобрува Одлука на Претседател на КИРСМ дел. бр.02-364/10 од 27.09.2023 година за формирање на Комисија за утврдување на просторни услови во канцеларијата на новоименуваниот извршител Зорица Симиќ; Се одобрува Одлука дел. бр.02-383/2 од 27.09.2023 година за формирање на Комисија за примопредавање на предмети, списи, уписници, електронска евиденција и состојби на сметки од канцеларијата на поранешен извршител Светлана Јосифоска на именуваниот извршител Зорица Симиќ од Скопје од Претседател на КИРСМ; Се одобрува Решение за упис во Именик на извршители дел.бр.02-288/6 од 14.07.2023 година на Претседател на КИРСМ за новоименуваниот извршител Добрин Каламатиев; Се одобрува Решение за упис во

Именик на извршители дел.бр.02-289/6 од 14.07.2023 година на Претседател на КИРСМ за новоименуваниот извршител Никола Николовски; Се одобрува Решение за упис во Именик на извршители дел.бр.02-364/14 од 28.09.2023 година на Претседател на КИРСМ за новоименуваниот извршител Зорица Симиќ; Се одобрува Решение за бришење на извршител Снежана Андреевска од Именик на извршители дел.бр.02-265/3 од 03.08.2023 година на Претседател на КИРСМ и се одобрува Решение за бришење на извршител Николина Стојковска од Именик на извршители дел.бр.02-314/3 од 11.08.2023 година на Претседател на КИРСМ;

- Се усвојува термин за одржување на Семинар и Вонредно Собрание на КИРСМ од 03-ти до 05-ти Ноември 2023година.За избран ‘’Хотел’’ како место за одржување на Семинар и Вонредно Собрание на КИРСМ, во усвоениот термин од 03 –ти до 05-ти Ноември 2023 година се определува Хотел и Спа Ресорт ‘’Радика’’ со седиште во Ленуново бр.1255 - Маврово. За наредниот Семинар, а согласно Програмата за задолжителна и стручна едукација за 2023 година се увојуваат 4 теми;
- ДА НЕ се изјави управен спор против Решение Уп.бр.1108-655 од 13.09.2023 година на Државна Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен. Електронски и писмено да се извести РСМ Министерство за правда Инспекторат за употреба на јазици, дека КИРСМ ќе се пристапи кон доброволно исполнување на обврските, утврдени во Решението на РСМ Министерство за правда Инспекторат за употреба на јазици Ип.бр108-46 од 31.05.2023 година, со цел да се избегнат за евентуални санкции кон КИРСМ. Се врши избор на членови на Комисија за изработка на општ акт, која во рок од 8 (осум дена), ќе изготви Предлог измени на Статут на КИРСМ, во делот на печат, штембил и огласна табла, заради усогласување со Законот за употреба на јазиците;
- Заради усогласување на постоечкиот Правилник за спроведување на конкурсот за изменување на извршители број 02-552/10 од 24.06.2016година, со одредбите од Законот за извршување, се одобрува Барање доставено до КИРСМ од Претседател на Комисијата за спроведување на постапка за именување на извршител, Кети Арсова дел. бр. 03-371/1 од 19.09.2023 година. Се врши избор на членови на Комисија, која во рок од 8 (осум) дена ќе изготви Предлог за нов Правилник за спроведување на конкурс за именување на извршители;
- Комората на извршители на РСМ писмено да се обрати до Апелационен суд Скопје, со барање да се достави Заклучок од одржана работна средба, одржана на 02.10.2023 година, на граѓански оддели на сите четири Апелациони судови во РСМ, која се однесува

на ‘’отсуство на законска можност извршителите и судовите да го запрат извршувањето надвор од одредбите од Законот за извршување’’;

- Управниот одбор го разгледа, Барањето поднесено од поранешен извршител Александар Пулејков, дел. бр. 03-329/1 од 31.07.2023 година. Се одобрува Барањето на поранешен извршител Александар Пулејков од Скопје, за отпис на долг по основ на камата, по предмет И.бр.503/21 кој се води во канцеларијата на извршител Слободанка Балгурова од Скопје;
- Претседателот на УО во наредните 3 месеци да се иницира средба со претставници од Министерството за правда, Министерството за финансии, Министерството за економија и Стопанската Комора, заради анализа на состојбата во однос на примената на одредбата од членот 218 од ЗИ во делот на определување на минимум средства на кои не е дозволено извршување на правните субјекти основани од државата, која би било основ за изготвување на соодветни измени во членот 218 од Законот за извршување. Се задолжува Стручната служба да подготви статистички податоци за примени барања за извршување во предмети каде Претседателите на Основните судови имаат определено лимит. Се задолжуваат извршителите Билјана Николовска и Николче Диневски да дадат предлог како основ за изготвување на соодветни измени во членот 218 од Законот за извршување.
- Се задолжува Стручната служба на КИРСМ и Претседателот на КИРСМ да изготват одговор на Тужба од тужител ДТУ ОГРАЖДЕН ДОО Скопје против Комората на извршители на РСМ по предмет број 19 П1-377/23 и одговорот да го достават до Основен граѓански суд Скопје.
- Се одобрува Одлука на Претседател на КИРСМ за формирање на Комисија за примопредавање на предмети, списи, уписници, електронска евиденција и состојби на сметки од канцеларијата на поранешен извршител Снежана Андреевска на именуваниот извршител Јадранка Пајиќ Поп Кочева од Скопје, дел.бр. 02-362/13 од 09.10.2023 година; Се одобрува Одлука на Претседател на КИРСМ за формирање на Комисија за примопредавање на предмети, списи, уписници, електронска евиденција и состојби на сметки од канцеларијата на поранешен извршител Николина Стојковска на именуваниот извршител Сашо Стојковски од Битола, дел.бр.02-384/9 од 02.10.2023 година; Се одобрува Одлука на Претседател на КИРСМ за формирање на Комисија за примопредавање на предмети, списи, уписници, електронска евиденција и состојби на сметки од канцеларијата на поранешен извршител Томислав Цумеркоски на именуваниот извршител Виктор Цумеркоски од Прилеп, дел.бр.02-385/7од 02.10.2023 година; Се одобрува Одлука на Претседател на КИРСМ за формирање на Комисија за утврдување на

просторни услови, по поднесено барање од новоименуваниот извршител Јадранка Пајиќ Поп Кочева од Скопје, дел.бр. 02-362/9 од 03.10.2023 година; Се одобрува Одлука на Претседател на КИРСМ за формирање на Комисија за утврдување на просторни услови, по поднесено барање од новоименуваниот извршител Димитар Ѓоршевски од Битола, дел. бр.02-363/9 од 02.10.2023 година; Се одобрува Одлука на Претседател на КИРСМ за формирање на Комисија за утврдување на просторни услови, по поднесено барање од новоименуваниот извршител Сашо Стојковски од Битола, дел. бр.02-384/8 од 02.10.2023 година и се одобрува Одлука на Претседател на КИРСМ за формирање на Комисија за утврдување на просторни услови, по поднесено барање од новоименуваниот извршител Виктор Џумеркоски од Прилеп, дел.бр.02-385/6 од 02.10.2023 година;

- Согласно член 79 став 1 од Законот за извршување в.в член 27 алинеја 13 од Статутот на Комората на извршители на РСМ за Потпретседател на Комора на извршители на РСМ се избира членот на Управен одбор на КИРСМ, Билјана Николовска;
- Се разгледа Предлог финансиски извештај за работата на КИРСМ за период од 01.07.2023-30.09.2023 година и за период од 01.01.2023 – 30.09.2023 година со забелешките од членот на УО на КИРСМ Билјана Николовска и истиот се доставува на надлежност до Надзорниот одбор на КИРСМ;
- Се формира работна група за изработка на Предлог измени и дополнувања на Правилникот за висината и надоместокот на патните и дневните трошоци;
- Комората на извршители за конкретна работа да ангажира лице за давање на интелектуални услуги со договор за дело согласно одредби од Законот за облигациони односи;
- Комората на извршители на РСМ да организира Предновогодишна прослава на ден 20.12.2023 година во House of Legends а за понудите ќе се одлучува на наредна седница на УО;
- Се избираат Весна Деловска, Претседател на КИРСМ и Емилија Павловска, извршител од Штип за делегација од Комората на извршители на РСМ за учество на 25-ти Интернационален конгрес на МУСИ во Рио де Жанеиро, Бразил во период од 07.05.2024-10.05.2024 година;
- Комората на извршители на РСМ да направи попис на основни средства со цел изработка на анализа за набавка на основни средства за потребите на КИРСМ а се до изработка на Предлог финансискиот план за 2024 година;
- Се одобрува Одлука дел .бр. 02-435/1 од 31.10.2023 година на Претседател на КИРСМ која гласи: Се избираат Весна Деловска Претседател на КИРСМ и Билјана Николовска

член на УО на КИРСМ за учесници на Постојниот совет на МУСИ кој ќе се одржува во период од 21 ноември до 24 ноември 2023 година во Париз. Се одобруваат финансиски средства во реален износ за обезбедување на авионски карти и сместување на двајца учесници од Комората на извршители на РСМ на Постојаниот совет на МУСИ во Париз кој ќе се одржи во период од 21 ноември до 24 ноември 2023 година;

- Се прифаќа понудата доставена од Тродат Гравер за набавка на печат, штембил и табли на КИРСМ согласно одлука за дополнение на Статутот на КИРСМ;
- Се разрешуваат извршител Весна Деловска од Скопје и изршител Премтим Ќерими од Куманово од членови на Комисија за односи со јавност при КИРСМ избрани согласно Одлука дел бр. 02-547/13 од 26.10.2020 година на Управен одбор на КИРСМ. Останува на сила Одлуката дел бр. 02-461/12 од 21.12.2022 година на УО на КИРСМ каде за член на Комисија за односи со јавност е избран Извршител Игор Антевски од Скопје За членови на Комисја за односи со јавност при КИРСМ се избираат: извршител Емилија Павловска од Штип и извршител Васко Блажевски од Скопје;
- Останува на сила Одлука дел бр. 02-461/9 од 21.12.2022 година на УО на КИРСМ со која е избран состав на Комисија за вршење надзор над работењето на извршителите со цел воедначено постапување на извршителите и правилна примена на Тарифата. Се задолжуваат членовите на Комисијата за вршење надзор над работењето на извршителите со цел воедначено постапување на извршителите и правилна примена на Тарифата да одржат конститутивна седница и да изготват Предлог измени на Правилникот за вршење надзор над работењето на извршителите со цел воедначено постапување на извршителите и правилна примена на Тарифата во рок од 30 дена од денот на донесување на оваа одлука;
- По повод настан за развој на Стратегија на Комората на извршители на РСМ кој ќе се одржи на ден 05.12.2023 година во хотел Александар Палас, Скопје се номинираат следните учесници од Комората на извршители: Весна Деловска, Претседател на КИРСМ; Методија Костадинов, член на УО на КИРСМ; Александар Чамовски, член на УО на КИРСМ; Каролина Таневска, член на УО на КИРСМ; Влатко Лалков, член на УО на КИРСМ; Сашо Перовски, член на УО на КИРСМ; Милка Ракочевиќ, Проф д-р. на Правен факултет „ Јустинијан први” , член на Стручен совет на КИРСМ; Мери Дика, Претседател на Апелационен суд Скопје, член на Стручен совет на КИРСМ; Владимир Јанковски, Министерство за правда, член на Стручен совет на КИРСМ; Селим Адеми, Судски совет на РСМ, член на Стручен совет на КИРСМ; извршител Емилија Павловска од Штип, член на Стручен совет на КИРСМ; извршител Весна Јакимовска од Гостивар;

извршител Фанија Каламатиева; извршител Кети Арсова од Скопје; извршител Александра Заринска Дуровска од Скопје; извршител Васко Блажевски од Скопје; извршител Марија Ваневска од Скопје; извршител Игор Антевски од Скопје и Кристина Терзиевска Вучевска , В.д Секретар на КИРСМ;

- Комората на извршители на РСМ да склучи Договор за користење на услуги со Лиле Смилевска за  определено време од една година и тоа сметано од 01.01.2024 година, со месечен нето надомест од по 6000,00 денари;
- Се прифаќа доставената понуда на книга- „ Тестаментот во македонското наследно право" од Проф. д-р. Ангел Ристов и Комората во рамки на предвидениот буџет да набави примероци од истата;
- По повод Барање дел бр.03-460/1 од 16.11.2023 година од Министерство за правда на РСМ за номинирање на претставници од Комората на извршители за учество во работна група за измени на член 218 од Законот за извршување се номинираат следните лица:извршител Билјана Николовска, Потпретседател на КИРСМ и извршител Николче Диневски од Битола;
- Комората на извршители на РСМ преку Претседателот на КИРСМ да склучи Анекс договор за закуп на деловен простор кој се наоѓа на ул. Костурски херои бр. 66-4 Скопје, како продложение на претходно склучен Договор за закуп на деловен простор помеѓу Јовановски Бранислав од Скопје и Јовановска Поповска Розалинда од Скопје како закуподавачи и Комората на извршители на РСМ како закупец, за времетраење од 3 (три) години, започнувајќи од 01.01.2024- 01.01.2027 година и истиот да се спроведе пред надлежен нотар. При изработката на Предлог финансискиот план за 2024 година да се прибави и разгледа Апликацијата на КИРСМ за одобрен кредит од Стопанска банка АД Скопје;
- Се усвојува Предлог дел бр. 03-16/1 од 09.01.2023 година поднесен од Извршител Билјана Николовска за исплата на додаток на работникот Љубица Новјановска Брајковска за работна успешност со оглед на квалитетот и обем на работата која што работникот ја вршел во текот на 2022 година а со оглед на посебните услови за работа и истиот да биде во висина на една просечна плата исплатена во РСМ исплатена во месец декември 2022 година;
- Се задолжува Претседателот на КИРСМ да поднесе кривична пријава во рок од 30 дена од денот на донесување на оваа одлука, против поранешен извршител Александар Тасевски од Скопје, а во врска со предметите кои биле водени во неговата канцеларија а уште не се предадени на новоименуваниот извршител;

- Се номинираат извршител Сашо Перовски, член на УО на КИРСМ и извршител Игор Антевски од Скопје да остварат работна средба со претставници на Министерството за труд и социјална политика во врска со измените на Законот за социјална заштита;
- Комората да изготви и достави допис до Министерството каде што ќе даде негативно мислење за објавениот Конкурс за именување на извршители објавен во Службен весник бр. 238 од 10.11.2023 година а во кој допис би се побарало и работна средба. Откако ќе биде изготвен дописот истиот да биде доставен до сите колеги со цел да бидат запознаени со неговата содржина;
- Се разрешува Извршител Васко Блажевски од Скопје од член на Комисија за односи со јавност при КИРСМ избран со Одлука дел бр. 02-465/12 од 17.11.2023 година на Управен одбор на КИРСМ. Се избира извршител Весна Јакимовска од Гостивар за член на Комисија за односи со јавност при КИРСМ;
- Се одобрува Одлука дел бр. 02-502/2 од 05.12.2023 година на Претседател на КИРСМ која гласи:„ По повод Барање за номинирање на претставник во работна група за изготвување на Предлог закон за изменување и дополнување на Закон за извршување со бр. 109-3002/1 од 04.12.2023 година на Министерството за правда на РСМ примено во Комората на извршители на РСМ на ден 05.12.2023 година и заведено под дел бр. 03-502/1, Претседателот на Комората на извршители на РСМ за член и заменик член на работната група за изготвување на Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за извршување од Комората на извршители на РСМ ги номинира следните извршители: Николче Диневски од Битола, за член на работната група и Билјана Николовска од Куманово, за заменик член на работната група.”
- Се одобрува годишниот распоред на Комората на извршители на Република Македонија за 2024 година со кој се определуваат извршители во 15 (петнаесет) градови во РСМ каде нема именувано извршител од редот на извршителите именувани за подрачјето на основниот суд на кој што територијално припаѓа градот, во просториите на општините за период од една година, а врз основа на еднаква застапеност на извршителите. Се определува извршителите именувани за подрачјето на основниот суд на кој што територијално припаѓа градот, да вршат прием на барања за извршување од физички лица, еднаш на две недели, најмалку по четири часа во просториите обезбедени од страна на општините, и тоа секој последен работен ден од втората и четвртата недела во месецот. За примените барања за извршување по член 36 став 1 од Законот за извршување, извршителот е должен да поднесе извештај до Комората по електронски пат преку корисничкиот пристап до веб локацијата на Комората. Кога денот за прием на

барања за извршување определен согласно едногодишниот распоред на Комората паѓа во неработен ден согласно Законот за празниците („Службен весник на РМ“ бр. 21/98 и 18/07), делегираниот извршител има обврска да прима барања за извршување следниот нареден работен ден;

- Комората на извршители на РСМ да склучи Анекс- договор со Кри Кет плус ДООЕЛ за период од една година сметано од 01.01.2024 година со месечен нето надомест од по 8.500,00 денари; и
- Со оглед на краткиот рок за давање мислење согласно доставеното Барање мислење по Предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за извршување дел бр. 03-520/1 од 15.12.2023 година од Министерство за правда- Сектор за извршување, нотаријат и медијација, да се достави допис до Министерството за правда - Сектор за извршување, нотаријат и медијација дека Комората своето мислење по повод Предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за извршување ќе го изнесе преку своите номинирани претставници во работната група за изготвување на Предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за извршување формирана при Министеството за правда.

## 2.2 Претседател на КИРСМ

### 2.2.1 Претставки, тужби и барање за извршување

До Комората на извршители на РСМ во периодот од 1 јануари 2023 година до 31 декември 2023 година беа доставени вкупно 120 претставки од странки против извршителите. По претходни извиди во поднесоците доколку беа утврдени формални недостатоци, доставено е барање за уредување од страна на Стручната служба на КИРСМ до странката и онаму каде што не беше постапено претставката е отфрлена. Сите останати се доставени до конкретниот извршител со барање за произнесување по наводите од поднесокот. Од вкупниот број на претставки примени во текот на 2023 година, 3 претставки остануваат нерешени и се префрлуваат за следната 2024 година, а 9 претставки префрлени од 2022 година, беа решени во 2023 година. Вкупниот број на решени претставки од страна на Претседателот на КИРСМ, во рамки на оваа извештајна година изнесува 128.

Претседателот на Комората уредно и навремено постапи по Барања податоци и информации доставени од страна на Народен правобранител на РСМ за изготвување на известување за превземање дејствија по повод претставки од граѓани кои се однесуваат за

постапување на извршителите. Исто така, Претседателот на Комората во текот на 2023 година достави одговори и по повод Барања податоци доставени од страна на Јавното обвинителство на РСМ, по барања доставени од Државниот управен инспекторат, како и по барања за достава на податоци и информации од други органи и институции во врска со поднесени претставки во КИРСМ.

Претседателот на КИРСМ во текот на 2023 година до Управен суд на РСМ достави одговори на **2 (две)** поднесени тужби за поведување на управен спор од страна на подносители на преставки за поништување на Известување по претставка од Претседател на КИРСМ. Исто тека, Претседателот на КИРСМ до Основен граѓански суд Скопје, достави одговор на тужба „за утврдување на право одредено и гарантирано со Уставот и законите“ од подносител правно лице против, прво тужената: Комора на извршители на РСМ.

Во текот на 2023 година, Претседателот на КИРСМ до Основно Јавно Обвинителство Скопје достави одговор на **кривична пријава** против него како Претседателот на КИРСМ, од подносител физичко лице, поради сомневање за сторено кривично дело, предвидено во член 377 ст.2 од КЗ; кривично дело од член 353-в ст.4 вв ст.1од КЗ и кривично дело од член 353-в ст.4 вв со ст.1од КЗ.

### 2.2.2. Изземање на извршител

Претседателот на КИРСМ во текот на 2023 година одлучуваше **по 43 (четириесет и три)** поднесени Барања за изземање на извршител во постапка на извршување по конкретен предмет. Од страна на Претседателот на КИРСМ беа донесени **3 (три)** Решенија со кои се одбива Барањето за изземање на извршител, како неосновани и **40 (четириесет)** Решенија со кои се уважува Барањето за изземање, извршителот се иззема од извршување по конкретен предмет, и се назначува друг извршител кој што ќе продолжи со работа по предметот.

### 2.2.3. Упис во Именици, легитимација, потврди и склучен договор за осигурување

Претседателот на Комората во текот на 2023 година донесе **7** (седум) Решенија за упис на извршител во Именик на извршители; **5** (пет) Решенија за бришење на извршител од Именик на извршители; **9** (девет) Решенија за упис на заменик извршител во Именик на заменици на извршителите; **4** (четири) Решенија за бришење на заменик

извршител од Именик на заменици на извршителите; **6** (шест) Решенија за упис на помошник извршител во Именик на помошници, и **1** (едно) Решение за бришење на помошник извршител во Именик на помошници. Претседателот на Комората врз основа на предлог од извршител назначи **6** (шест) лица за помошник на извршител и на истите им издаде легитимација, согласно член 51 став 3 од Законот за извршување.

Претседателот на КИРСМ во текот на 2023 година по поднесено барање, издаде **28** (дваесет и осум) потврди по барање од лица запишани во имениците што ги води КИРСМ.

Претседателот на Комората на извршители на РСМ и во оваа извештајна година внимаваше извршителите да постапат согласно член 43 од Законот за извршува, да достават до Комората доказ за секој склучен договор за осигурување од одговорност од штета односно обновена полиса за осигурување во рок од 30 дена по истекот на полисата за осигурување. Претседателот постапувајќи согласно закон внимаваше најнискиот износ на осигурување да изнесува 100.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народна Банка на РСМ на денот на склучување на полисата за осигурување. Сите активни извршители во периодот на своето постапување во текот на 2023 година уредно и навремено доставија до Комората, доказ за склучен договор за осигурување од одговорност од штета.

**2.2.4. Примопредавање**

Комората на извршители преку формирана Комисија во текот на 2023 година спроведе **8 (осум)** постапки на примопредавања на списи, архивирани завршени предмети, книги, електронската евиденција и состојбата на сметките на извршителот чија должност престанала, на именуваниот односно определениот извршител, согласно член 74 став 6 од ЗИ, и тоа: 3 (три) постапки на примопредавање се спроведени на подрачјето на Основен граѓански суд Скопје и Основен кривичен суд Скопје; 1 (една) постапка на примопредавање се спроведе на подрачјето на Основен суд Охрид, Струга и Дебар; 1 (една) постапка на примопредавање е спроведена на подрачјето на Основен суд Битола и Ресен; 1 (една) постапка на примопредавање се спроведе на подрачјето на Основен суд Гостивар и Кичево и 2 (две) постапки на примопредавање се спроведени на подрачјето на Основен суд Прилеп и Крушево.

**2.2.5. Веб страна на Комората на извршители на РСМ**

Во текот на 2023 година, веб страната на Комората редовно се дополнува со нови информации и податоци. Претседателот на Комората грижејќи се Комората да дејствува

согласно со закон, на веб страната на Комората редовно беа објавувани доставени од извршители, Заклучоци за продажба на недвижност со усно јавно надавање, Заклучоци за продажба на подвижни предмети, Заклучоци за продажба на недвижност со непосредна спогодба како и Заклучоци за поправање на грешки во актите на извршителот. Стручната служба на КИРСМ во текот на 2023 година изврши објава на **971** (деветстотини седумдесет и еден) оглас во делот на недвижен имот и **299** (двеста деведесет и девет) огласи во делот на подвижен имот.

### 2.2.6. Утврдување на просторни услови

Претседателот во текот на оваа извештајна година спроведе увид во канцеларија на извршител со цел констатирање дали работните услови на канцеларијата на извршителот ги исполнуваат условите за работа согласно Правилникот за видот на опремата и просторот потребни за вршење на извршни работи ( „Службен Весник на РМ“ бр.226/16 од 30.12.2016 година). Врз основа на спроведениот увид, Претседателот донесе **10 (десет)** позитивни мислења со кои се констатира дека работните простории на извршителот ги исполнуваат условите за работа согласно Правилникот за видот на опремата и просторот потребни за вршење на извршни работи.

### 2.2.7 Членарина

Претседателот на КИРСМ во текот на оваа извештајна година, врз основа на одлуката на Собранието со која се овластува да поднесува правни средства против извршителите кои имаат долг спрема Комората за неплатени членарини има поднесено еден предлог до надлежен нотар за донесување на решение за издавање на нотарски платен налог.

### 2.2.8 Средби и учество на настани

Во текот на 2023 година Претседателот на КИРСМ оствари повеќе средби со претставници на институции. Од остварените работни средби како најзначајни се издвојуваат следните:

- На ден 12.04.2023 година, Претседателот на КИРСМ Ванчо Марковски оствари средба со Министер за правда Кренан Лога;
- На ден 18.09.2023 година, Претседателот на КИРСМ Ванчо Марковски оствари средба со Заменик народен правобранител;
- На ден 06.10.2023 година, Претседателот на КИРСМ Весна Деловска оствари состанок со Генерален секретар на Влада на РСМ, Методија Димовски;

- На ден 18.10.2023 година, Претседателот на КИРСМ Весна Деловска, извршител Методија Костадинов и извршител Васко Блажевски остварија средба со Министерот за правда Кренан Лога;
- На ден 28.11.2023 година, Претседателот на КИРСМ Весна Деловска, извршител Методија Костадинов и извршител Моника Муча остварија работна средба со В. д. Претседателот на Основен граѓански суд Скопје, судија Бесник Авдија;
- На ден 04.12.2023 година, Претседателот на КИРСМ Весна Деловска, извршител Николче Диневски, извршител Емилија Павловска и извршител Методија Костадинов остварија работна средба со г-дин Јос Утехааг и Злати Михаилова и независен економски експерт Сергеј Зафировски на тема ,, Анализа на трошоци на извршување”;
- На ден 05.12.2023 година во Скопје се одржа работилница за развој на Стратегија на Комората на извршители на РСМ во организација на проектот Матра – Зајакнување на извршувањето во Западен Балкан на која учествуваа Претседателот на КИРСМ Весна Деловска, извршител Александар Чамовски, извршител Игор Антевски, извршител Влатко Лалков, извршител Каролина Таневска, извршител Александра Заринска Дуровска, извршител Сашо Перовски, Проф д-р Милка Ракочевиќ и В.д Секретар на КИРСМ Кристина Терзиевска Вучевска.
- На ден 11.12.2023 година Претседателот на КИРСМ Весна Деловска, извршител Весна Јакимовска и извршител Емилија Павловска учествуваа на онлајн работилница за ПР Стратегија на Комората на извршители на РСМ;
- На ден 13.12.2023 година, Претседателот на КИРСМ Весна Деловска оствари работна средба со Претседателот на Управен суд, судија Бурим Сејдини;
- На ден 15.12.2023 година, Претседателот на КИРСМ Весна Деловска, извршител Методија Костадинов и извршител Моника Муча остварија работна средба со Претседателот на Основен кривичен суд, судија Иван Џолев;
- На ден 18.12.2023 година Претседателот на КИРСМ Весна Деловска, извршител Весна Јакимовска и извршител Емилија Павловска учествуваа на онлајн работилница за ПР Стратегија на Комората на извршители на РСМ;
- На ден 19.12.2023 година извршител Сашо Перовски член на УО на КИРСМ и извршител Игор Антевски остварија средба со претставници на Министерството за труд и социјална политика на РСМ.

### 2.2.9 Соработка со Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер

Во периодот од 01.01.2023 година до 31.12.203 година до Комората на извршители на РСМ е поднесено 1 (едно) барање за пристап до информации од јавен карактер, а од страна на Комората на извршители на РСМ позитивно е одговорено на поднесеното барањето со донесување на Решение со кое делумно е одобрен пристап до информациите од јавен карактер. Комората на извршители на РСМ уредно ја исполни својата обрска, изготви Годишен извештај за период од 01.01.2023 година до 31.12.2023 година, и истиот го достави до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од

## 2.3 Дисциплинска комисија (ДК) при КИРСМ

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ во текот на оваа извештајна година своите активности ги спроведе одржувајќи седници и главни претреси.

До Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ во периодот од 01.01.2023 година до 31.12.2023 година од страна на Министерството за правда на РСМ како овластен предлагач за поведување на дисциплинска постапка, беа доставени 8 (осум) предлози за поведување на дисциплинска постапка. Од страна на ДК при КИРСМ во текот на 2023 година беше постапено по 9 предмети, 8 заведени во тековната година и еден префрлен од предходната 2022 година.

Во текот на 2023 година од страна на Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ, беа донесени **9 (девет) решенија**, и тоа: осум решенија со кои се одбива предлогот за поведување на дисциплинска постапка - се утврдува дека не е сторена дисциплинска повреда од страна на извршителот и едно решение со кое се огласува извршителот за виновен и му се изрекува парична казна.

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ, нема оставено нерешен предмет кој е започнат во 2023 година, а треба да се префрли за работа во 2024 година.

| Година | **2016** | **2017** | **2018** | **2019** | **2020** | **2021** | **2022** | **2023** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на извршители | 98 | 101 | 97 | 91 | 99 | 96 | 92 | 93 |
| Вкупен број на предлози за Дисциплинска посапка | **5** | **3** | **10** | **14** | **3** | **6** | **7** | **8** |
| Решение со кое се одбива предлогот – не е сторена дисциплинска повреда | //// | //// | //// | 3 | 1 | 1 | 6 | 8 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Дисциплинска мерка – парична казна | //// | 2 | 5 | 5 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| Дисциплинска мерка – писмена/ јавна опомена на извршител | //// | 1 | 2 | 1 | /// | /// | /// | /// |
| Решение – привремена забрана за вршење на должност извршител - суспензија | //// | //// | 2 | //// | /// | 1 | /// | /// |
| Решение – Трајно одземање на правото на вршење на должност извршител | //// | //// | 1 | //// | /// | /// | /// | /// |
| Решение –Привремено одземање на правото за вршење на должност | //// | //// | 1 | 1 | /// | 1 | /// | /// |
| Решение –се отфрла предлогот за поведување на дисциплинска постапка | 5 | //// | 1 | 3 | /// | 4 | 1 | /// |

Во текот на 2023 година, Претседател на Основен суд и Претседателот на КИРСМ како овластени предлагачи, немаат поднесено до ДК при КИРСМ предлог за поведување на дисциплинска постапка против извршител.

## 2.4 Надзорен одбор на КИРСМ

Надзорниот одбор во состав од три члена, во текот на оваа извештајна 2023 година, одржа четири седници на кои беше спроведен надзор над финансиското работење на Комората на тромесечни периоди во текот на 2023 година. Врз основа на обврската од Статутот на КИРСМ, Надзорниот одбор достави свој Извештај за работењето до Собранието на Комората[9] .

## 2.5 Стручен совет на КИРСМ

Стручниот совет на КИРСМ во текот на 2023 година одржа пет седници од кои една конститутивна, на која беше избран претседател на Стручен совет на КИРСМ и заменик претседател на Стручен совет на КИРСМ.

Стручниот совет на КИРСМ во текот на 2023 година донесе две правни мислења, два заклучоци и усвои пет ставови.

## 2.6 Комисија за стручна едукација на извршители

Комисијата во состав од пет члена, во текот на 2023 година одржа четири седници на кои донесе одлуки и заклучоци. Комисијата на седница одржана на ден **08.02.2023**

[9] Годишниот извештај на Надзорен одбор е прилог кон овој Годишен извештај за работата на КИРСМ

година донесе Предлог програма за задолжителна едукација на извршителите за 2023 година, а на седница одржана на ден **05.05.2023** донесе одлука со која утврди предлог теми за семинар на извршители за месец мај 2023 година. Комисијата на седница одржана на ден **13.09.2023** година разгледувајќи ја состојбата по донесени измени и дополнувања на ЗИД на ЗОО и ЗИД на ЗИ ("Службен весник на РСМ" бр.154 од 20.07.2023 година), даде **препорака** до Комората, да се испрати писмена Ургенција до Уставен суд за приоритетно постапување по доставената од Комората- Иницијатива за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 2 став 3, член 4 и член 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за облигационите односи (објавен во Службен Весник на Република Северна Македонија бр.154/23 од 20.07.2023 година), која е со посебен предлог за изрекување на привремена мерка**.** Предложија во ургенцијата да се наведе дека доверителите трпат штета со вака донесените измени и дополнувања на ЗИ и ЗОО, дека Комората има сознанија за постоење на различни одлуки од првостепените судови по барањата за запирање на извршувањето поради застареност, како и дека по поднесени жалби, Апелационите судови да не постапуваат се до донесување на времена мерка. На оваа седница, Комисијата отвори дискусија и по однос на обврските за извршителите настанати со измените на Законот за финансиска дисциплина, од што произлезе **препорака** до Комората, писмено да се обрати до Министерство за економија-Државен пазарен инспекторат-Управата за финансиско разузнавање со барање да достават инструкции како да постапуваат извршителите во периодот додека не се изработат Обрасци по кои извршителите треба да постапуваат, за да ги исполнат обврските согласно измените на Закон за изменување на Законот за финансиска дисциплина. Комисија за стручна едукација на извршители, на оваа седница утврди предлог теми за Семинар на извршители за месец октомви- ноември 2023 година. Комисијата на седница одржана на ден **20.10.2023** година, ги разгледа измените на Законот за ДДВ ( " Службен весник на РСМ" бр.199 од 25.09.2023 година) и предложи на престојниот семинарот кој што треба да се одржи од 03 до 05 ноември да се додаде нова точка пред точката разно која ќе гласи: "Запознавање со измените и дополнувања на законот за ДДВ, односно член 7 од законот за измени , а во врска со член 19 од стариот закон".

## 2.7 Комисија за спроведување на постапка за именување на изршител

Во текот на оваа извештајна година, Комисијата за спроведување на постапка за именување на извршител одржа **6** седници.

На ден **<u>30.01.2023</u>** година, беше одржана седница на која беше разгледан Конкурс објавен од страна на Министерството за правда за именување на 3 извршители за подрачја

на места на извршители чија должност престанала.: еден за подрачјето на Основен суд Прилеп и Основен суд Крушево на место на извршител Славе Кромидоски, еден за подрачјето на Основен граѓански суд Скопје и Основен кривичен суд Скопје на место на извршителот Благојче Кипровски, еден за подрачјето на Основен суд Гостивар и Основниот суд Кичево на место на извршителот Ненад Миновски. На седницата, беа разгледани 8 (осум) пријави со прилози од кандидати за именување извршител за подрачјето Основен суд Прилеп и Основен суд Крушево, за подрачјето на Основен граѓански суд Скопје и Основен кривичен суд Скопје, за подрачјето на Основен суд Гостивар и Основниот суд Кичево, доставени во Комората на извршители на РСМ по повод објавениот Конкурс. Од страна на Комисијата, беше утврдено дека 7 седум кандидати ги исполнуваат условите за именување на извршител согласно чл.33 од Законот за извршување, па беше изготвено мислење од страна на Комисијата. Министерството за правда, во врска со распишаниот Конкурс за именување на извршители објавен во’’ Сл. весник на РСМ бр. 2/2023’’, со писмен допис бр. 09-10/7 од 29.03.2023 година, ја извести КИРСМ дека нема да се врши именување на извршител за подрачјето на Основен граѓански суд Скопје и Основен кривичен суд Скопје. Од причина што Министерсвото за правда за местото на извршител Благојче Кипровски чија должност престана, не изврши именување на ниту еден кандидат, КИРСМ поради наведеното постапи согласно на член 74 став 2 од ЗИ. Со Одлука бр.02-139/1 од 01.03.2023 година КИРСМ формира Комисија за утврдување на предлог по пат на ждрепка за предметите од канцеларијата на извршител Благојче Кипровски чија должност престана, помеѓу извршителите именувани на подрачјето на Основен граѓански суд Скопје и Основен кривичен суд Скопје. По спроведена постапка –ждребка, со Записник дел бр 03-5/25 од 06.04.2023 година Комисијата утврди дека извршител Андреја Буневски именуван за подрачјето на Основен граѓански суд Скопје и Основен кривичен суд Скопје, е извршителот кој од страна на Комората на извршители на РСМ ќе биде предложен на Министерството за правда, да биде определен за извршител кој ќе ги превземе предметите од поранешниот извршител Благојче Кипровски, чија должност престана и ќе ја продолжи работата по предметите со сите овластувања кои му припаѓаат на извршителот согласно ЗИ.

На ден **<u>22.05.2023</u>** година, беше одржана седница на која беше разгледан Конкурс објавен од страна на Министерството за правда за именување на двајца извршители за подрачјето на Основен граѓански суд Скопје и Основен кривичен суд Скопје. На седницата, беа разгледани 11 (единаесет) пријави со прилози од кандидати за именување извршител за подрачјето на Основен граѓански суд Скопје и Основен кривичен суд

Скопје, доставени во Комората на извршители на РСМ по повод објавениот Конкурс. Од страна на Комисијата, беше утврдено дека 11 единаесет кандидати ги исполнуваат условите за именување на извршител согласно чл.33 од Законот за извршување, па беше изготвено мислење од страна на Комисијата.

На ден **12.06.2023** година, беше одржана седница на која беше разгледан Конкурс објавен од страна на Министерството за правда за именување на двајца извршители за места на извршители чија должност престанала и тоа еден за подрачјето на Основен граѓански суд Скопје и Основен кривичен суд Скопје на место на извршител Светлана Јосифовска, и еден извршител за подрачјето на Основен суд Прилеп и Основен суд Крушево на место на извршител Томислав Џумеркоски. На седницата, беа разгледани 9 (девет) пријави со прилози од кандидати за именување извршител за подрачјето на Основен граѓански суд Скопје и Основен кривичен суд Скопје и за подрачјето на Основен суд Прилеп и Основен суд Крушево, доставени во Комората на извршители на РСМ по повод објавениот Конкурс. Од страна на Комисијата, беше утврдено дека 9 (девет) кандидати ги исполнуваат условите за именување на извршител согласно чл.33 од Законот за извршување, па беше изготвено мислење од страна на Комисијата.

На ден **04.08.2023** година, беше одржана седница на која беше разгледан Конкурс објавен од страна на Министерството за правда за именување на двајца извршители, за подрачјето на Основен суд Битола и Основен суд Ресен. На седницата, беа разгледани 2 (две) пријави со прилози од кандидати за именување извршител за подрачјето на Основен суд Битола и Основен суд Ресен, доставени во Комората на извршители на РСМ по повод објавениот Конкурс. Од страна на Комисијата, беше утврдено дека 2 (два) кандидати ги исполнуваат условите за именување на извршител согласно чл.33 од Законот за извршување, па беше изготвено мислење од страна на Комисијата.

На ден **24.08.2023** година, беше одржана седница на која беше разгледан Конкурс објавен од страна на Министерството за правда за именување на три извршители, еден за подрачјето на Основен граѓански суд Скопје и Основен кривичен суд Скопје, еден за подрачјето на Основен суд Битола и Основен суд Ресен и еден за подрачјето на Основен суд Струмица и Основен суд Радовиш. На седницата, беа разгледани 9 (девет) пријави со прилози од кандидати за именување извршител за подрачјето на Основен граѓански суд Скопје и Основен кривичен суд Скопје, за подрачјето на Основен суд Битола и Основен суд Ресен и за подрачјето на Основен суд Струмица и Основен суд Радовиш, доставени во Комората на извршители на РСМ по повод објавениот Конкурс. Од страна на Комисијата, беше утврдено дека 9 (девет) кандидати ги исполнуваат условите за именување на

извршител согласно чл.33 од Законот за извршување, па беше изготвено мислење од страна на Комисијата.

На ден **01.12.2023** година, беше одржана седница на која беше разгледан Конкурс објавен од страна на Министерството за правда за именување на 11 единаесет извршители, за подрачјето на Основниот граѓански суд Скопје и Основниот кривичен суд Скопје - еден извршител; за подрачјето на Основниот суд во Кочани, Основниот суд во Берово, Основниот суд во Виница и Основниот суд Делчево - еден извршител; за подрачјето на Основниот суд во Битола и Основниот суд во Ресен- еден извршител; за подрачјето на Основниот суд во Велес, Основниот суд во Гевгелија, Основниот суд во Кавадарци и Основниот суд во Неготино - еден извршител; за подрачјето на Основниот суд Гостивар и Основниот суд во Кичево - еден извршител; за подрачјето на Основниот суд во Куманово , Основниот суд во Крива Паланка и Основниот суд во Кратово - еден извршител; за подрачјето на Основниот суд во Охрид, Основниот суд во Струга и Основниот суд во Дебар - еден извршител; за подрачјето на Основниот суд во Прилеп и Основниот суд во Крушево - еден извршител; за подрачјето на Основниот суд во Струмица и Основниот суд во Радовиш - еден извршител; за подрачјето на Основниот суд во Тетово - еден извршител; за подрачјето на Основниот суд во Штип и Основниот суд Свети Николе - еден извршител. На седницата, беа разгледани 14 (четиринаесет) пријави со прилози од кандидати за именување извршител за подрачјата за кои беше распишан Конкурс, доставени во Комората на извршители на РСМ по повод објавениот Конкурс. Од страна на Комисијата, беше утврдено дека 13 (тринаесет) кандидати ги исполнуваат условите за именување на извршител согласно чл.33 од Законот за извршување, па беше изготвено мислење од страна на Комисијата.

## 2.8 Ждрепка

Во текот на 2023 година, Комората на извршители спроведе 3 (три) постапки за утврдување на предлог по пат на ждрепка меѓу извршителите од подрачјето на основните судови од каде биле извршителите чија должност престанала, а кои предлози ги достави до Министерството за правда за донесување на решение за определување на извршител од редот на именуваните извршители од истото подрачје којшто веднаш ќе ги преземе предметите на извршителот чија должност престанала и ќе ја продолжи работата по предметите, со сите овластувања кои му припаѓаат на извршител согласно Законот за извршување.

## 2.9 Комисија за вршење на надзор над работењето на извршителите и правилна примена на Тарифа

Во оваа извештајна година, Комисијата за вршење на надзор над работењето на извршителите и правилна примена на Тарифа, одржа конститутивна седница на ден 26.12.2023 година на која даде предлог за измени и дополнување на Правилникот за вршење на надзор над работењето на извршителите и правилна примена на Тарифата. Комисијата утврди дека постојниот правилник е неприменлив со оглед дека Уставниот суд ги укина одредбите од ЗИ, каде за извршителот беше задолжително плаќање при поднесуваање на барање за извршување доверителот да плати аванс за цена за администратирање на предмет и изработка на првичен налог. Комисијата утврди дека е неопходна измена и дополна на Правилникот и истата во рок од 30 дена се обврза да достави Предлог за измена и дополнување на Правилник за вршење на надзор над работењето на извршителите и правилна примена на Тарифата до Управниот одбор на КИРСМ. Исто така, Комисијата на одржаната седница го одложи донесувањето на Годишен план за вршење надзор над работењето на извршителите и правилна примена на Тарифата, се до донесување на изменет и дополнет Правилник за вршење на надзор над работењето на извршителите и правилна примена на тарифата од страна на Собранието на КИРСМ, бидејќи моментално нема правна основа да вршат редовен надзор над работата на извршителските канцеларии за правилна примена на Тарифа.

## 2.10 Постапување на извршителите врз основа на член 36 став 1 од Законот за извршување

Врз основа на чл. 36 став 1 од Законот за извршување ( „Службен Весник на РМ“ бр. 72 од 12.04.2016 година) в.в. чл. 5 ст.1 и ст.2 од Правилникот за работното време на извршителот и Комората на извршители на Република Македонија донесен на седница на Вонредно Собрание на Комората на извршители на Република Северна Македонија одржана на ден 20.06.2016 година, со одлука на Управен одбор на КИРСМ се одобри Годишниот распоред на Комората на извршители на РСМ за 2023 година со кој се определуваат извршители во 15 (петнаесет) градови во РСМ каде нема именувано извршител од редот на извршителите именувани за подрачјето на основниот суд на кој што територијално припаѓа градот, во просториите на општините за период од една година, а врз основа на еднаква застапеност на извршителите. Согласно доставените **108 (сто и осум)** извештаи од извршителите за присуство во просториите на општините, согласно Годишниот распоред за период од 13.01.2023 година до 29.12.2023 година, може

да се согледа дека во текот на 2023 година не е примено ниту едно барање за извршување од физичко лице доставено до извршител, присутен на одредениот ден во просториите на општината.

## 3.Активности на КИРСМ преку одржани семинари, обуки и работилници

### Семинар на извршители

Комората на извршители на РСМ, оваа тековна година организираше **3 (три)** семинари на извршителите, и тоа:

1.На ден **25.02.2023 година** се одржа семинар во хотел Гранит, Охрид. На семинарот беа обработени следните теми:„ Извршна исправа во врска со месната надлежност, подобност на извршна исправа, видови на извршна исправа и извршување на привремени мерки„; „Архивско работење во канцеларија на извршител со посебен осврт на постапката за поништување на архивска граѓа”; „Достава и проблеми при достава”;„Запирање на извршување по Закон за извршување и во случај на застареност на побарување “ и „ Извршување од плата и пензија .“По однос на првата тема која беше разработена на семинарот во Охрид е донесен следниот, заклучок: „Извршителот не е надлежен да ги спроведува привремените мерки.“, а по однос на втората тема на семинарот е донесен следниот, заклучок:„Комората писмено да се обрати до Македонска пошта и да го искаже своето незадоволство по однос на неажурноста на вработените лица од пошта кои што вршат достава на пратки.“

2. На ден **17.06.2023 година** се одржа семинар во хотел Дрим, Струга. На семинарот беа обработени следните теми:„ :“Испразнување и предавање на недвижност по нејзина продажба со предавање во владение в.в. со член 205 став 2 в.в. член 226 до член 228 од Законот за извршување“”; ,,Постапување на извршителот со подвижни предмети по испразнување на недвижност на која е извршена продажба со осврт на член 228 од Законот за извршување”; ,,Примена на системот – Перавосуден информационен центар (ПИЦ) во извршувањето во Република Србија” и „ Измени на Законот за облигациони однос и Законот за извршување, проблеми, дилеми и дискусии.”

3. На ден **04.11.2023 година** се одржа семинар на извршителите во хотел Радика, Маврово. По однос на првата обработена тема: „Иницијативно запознавање и дискусија за состојбите по донесените измени и дополнувања на ЗОО (Службен Весник на РСМ

бр.154/23 од 20.07.2023 година), со рефлексија на Законот за извршување и осврт на измените идополнување на Законот за финансиски друштва“, извршителите го донесоа следниот, Заклучок: „Да се достави писмено до Народна Банка со барање да се произнесе со став по однос на член 3 од измените и дополнувањата на ЗОО (Службен весник број 154 од 20.07.2023 година) и тоа дали членот се однесува за сите камати, и доколку не се однесува на сите камати , за која камата се однесува?“ По однос на втората тема, обработена на овој семинар: “Обврски на извршителите со измени на Законот за финансиска дисциплина (Службен Весник на РСМ бр.129/23 од 21.06.2023 година)“, извршителите го донесоа следниот, Заклучок:**„**Извршителите треба да постапуваат согласно обврската наведена во измените на Законот за финансиска дисциплина:„ писмено или електронски“. Сега ќе се постапува писмено, а електронски кога ќе бидат одобрени и објавени сите обрасци. Се обврзува извршител Весна Јакимовска до Комората да достави линк кој ќе биде испратен до сите извршители.“; „По однос на третата тема, дискутирана на семинарот: „Запознавање  со Законот за изменување и дополнување  на законот за данокот на додадена вредност  односно  член 7  од законот за измени , а во врска со член 19 од стариот закон ( Сл весник бр 199/2023 од 25.09.2023 година извршителите го донесоа следниот, Заклучок:**„**Итно да се иницира средба на претставници на Комората, со претставници на УЈП и Министерството за финасии во насока на давање инструкции или изготвување на обрасци за пресметка на ДДВ, согласно последно донесените измени на Законот за ДДВ.“; „По однос на точка „Разно“ на семинарот се дискутираше на тема: „јавно настапување, напади и заштита од напади“, по што извршителите ги донесоа следните, препораки: „Се препорачува на Управниот одбор на КИРСМ да ја ревидира односно да избере нов состав на членови на Комисијата за односи со јавност. Сите извршители кои имале било какви закани или напади, по телефон, лично или на медиум или на друг начин да ја известат Комората за да може соодветно да реагира.“

## 4.Меѓународни активности на КИРСМ

Оваа извештајна година, КИРСМ, со своите активности беше присутна и на меѓународен план при што во период од 04 до 07 април 2023 година, делегација на Комората во состав на Претседателот Ванчо Марковски и извршител Чедомир Личковски член на Управен одбор на КИРСМ учествуваа  на студиска посета во Хаг, Холандија.

Во период од 11 мај до 13 мај 2023 година, Претседателот на КИРСМ Ванчо Марковски и Потпретседателот на КИРСМ Николче Диневски учествуваа на Пролетен совет на МУСИ кој се одржа во Луксембург.

Во организација на Меѓународната унија на судски извршители (МУСИ) во период од 20 ноември до 24 ноември се одржа Постојан совет на МУСИ на која како делегација на КИРСМ присуствуваа Претседателот на Комората Весна Деловска и Потпретседателот на Комората Билјана Николовска.

## 5.Регионална соработка на КИРСМ

Во оваа извештајна 2023 година Комората ја продолжи и зајакна соработката во регионот и тоа со неколку активности:

- Во период од 17 до 19 јануари 2023 година во Тирана, Р. Албанија извршител Весна Јакимовска Претседател на Комисија за задолжителна и континуирана едукација  и извршител Драган Кочовски член на УО на КИРСМ учествуваа на регионална работилница за односи со јавност и комуникации дизајнирана исклучиво за Коморите на извршители од Западен Балкан.
- Во период од 23 март до 24 март 2023 година, во Скопје се одржа регионална работилница за односи со јавност и комуникации дизајнирана исклучиво за Коморите на извршители од Западен Балкан на која учество зедоа извршител Емилија Павловска, извршител Игор Антевски, извршител Игор Ромевски и извршител Драган Кочовски.
- Во период од  24 до 26 октомври 2023 година во Драч, Р. Албанија се одржа регионална работилница за односи со јавност и комуникации дизајнирана исклучиво за Коморите  на извршители од Западен Балкан на која учествуваа Претседателот на КИРСМ, Весна Деловска, извршител Весна Јакимовска Претседател на Комисија за задолжителна и континуирана едукација, извршител Васко Блажевски, извршител Моника Муча и извршител Кети Арсова;
- Во организација на Програмската канцеларија на Советот на Европа во Подгорица а во соработка со проектот „ Зајакнување на извршувањето во Западен Балкан" и Комората на јавни извршители на Црна Гора, во период од 07 до 08 декември 2023 година во Будва, Црна Гора се одржа регионална работилница- Професионална и ефикасна работа на јавните извршители во Црна Гора - релеватни стандарди и компаративни искуства на која учествуваа извршител Каролина Таневска, член на Управен одбор на КИРСМ и Влатко Лалков, член на Управен одбор на КИРСМ.

# 6.Односи на КИРСМ со домашни и странски институции

А .Односи на КИРСМ со домашни институции

## 1. Односи со Министерството за правда на РСМ

Законската поставеност на Министерството за правда како институција која ја контролира работата на извршителите на РСМ и на самата Комора, Министерството за правда во оваа извештајна година ја оствари преку спроведени редовни и вонредни надзори и до КИРСМ беа доставени вкупно 20 извештаи за извршен надзор над работата на извршителите, од кои 12 спроведени надзори со увид во конкретен И.број на предмет, односно спроведен надзор по повод добиени сознанија од странки и учесници во извршувањето (во табелата подолу како вонредни надзори), додека 8 надзори се спроведени по основ на месечен план на Министерството за правда за спроведување на надзор ( во табелата како редовни назори).[10]




| | 2023 | 2022 | 2021 | 2020 | 2019 | 2018 | 2017 | 2016 | 2015 | 2014 | 2013 | 2012 | 2011 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно редовни надзори | 8 | 22 | 10 | 6 | 30 | 29 | 37 | 16 | 18 | 41 | 32 | 11 | 8 |
| Вкупно вонредни надзори | 12 | 16 | 10 | 22 | 14 | 9 | 13 | 14 | 58 | 66 | 72 | 71 | 57 |

# 7.Нормативна активност на Комората на извршители

Комисија за нормативна дејност составена од 5 (пет) члена во состав од: Николче Диневски извршител од Битола, Зоран Петрески извршител од Скопје, Билјана Николовска извршител од Куманово, Јадранка Јовановска извршител од Куманово и Благоја Каламатиев извршител од Скопје на ден 21.02.2023 година одржа седница на која беше усвоен Предлог за измена која се однесува на член 12 од Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работата на извршителите и тоа: “Цените утврдени во табелите 1 и 2 од оваа Тарифа се наплатуваат во бодови и се изразени без ДДВ”. “Вредноста на 1 бод изнесува 70 (72 денари)” и “ Секоја промена на стапката на инфлација ( индекс на трошоците на живот) објавени од страна на Државниот завод за статистика, поголема од 10% кумулативно од последната промена претставува основ за промена на вредноста на бодот”.

# 8.Односи на КИРСМ со други институции

[10] Анализата за спроведен надзор над работата на извршителите е направена според годината во која е примен извештајот за надзор во Комората а не по ден на спроведен надзор.

Комората на извршители на РСМ до Државниот архив на РСМ по повод обврските кои произлегуваат за извршителите како лица кои вршат јавни овластувања и се иматели на архивски материјал изработи предлог листи и планови, и во законскиот рок за извршителите кои доставија своја согласност за истото до Комората поднесе барање за добивање на согласност за примена на планот и листите од Државен архив на РСМ, врз основа на кое извршителите со Решение на ДАРСМ добија согласност за примена на Планот за архивски знаци за распределување на актите, Листата на архивски материјал и Листата на документарен материјал за 2024 година.

## 9.Односи со медиумите

Во текот на оваа извештајна година беа реализирани неколку гостувања во телевизиски медиуми, како и соработка со пишани и електронски медиуми. Членот на Комисијата за односи со јавност при КИРСМ извршител Весна Деловска на ден 15 мај 2023 година учествуваше во дебатна емисија 24 Анализа на ТВ 24 Вести. На ден 12 август 2023 година, извршител Весна Деловска како член на Комисија за односи со јавност даде изјава во врска со измените на Законот за облигационите односи и Законот за извршување на МРТВ и на ден 14 август 2023 година гостуваше во утринска програма на МРТВ. ден На 04 ноември 2023 година Претседателот на КИРСМ Весна Деловска гостуваше во емисија на Ал Џезеира.

## 10.Планови на Комората за 2024 година

Комората во 2024 година главниот фокус и активности ќе ги насочи кон приклучување на платформата за интероперабилноста која ќе овозможи електронско поврзување со државните органи, институции, регистри и слично, со цел поекономично спроведување на извршувањето преку процесот на интероперабилност согласно Стратегијата за реформа на правосудниот систем. Комората активно ќе биде вклучена во реализација на Акциски план за развој на Стратегијата за реформа на правосудниот систем.

Комората во 2024 година планира да биде повеќе присутна во медиумите зацврстувајќи ја својата политика за односи со јавноста и известувања на медиумите за постигнатите резултати во извршувањето како и преземање на активности на Комората со цел подобрување на имиџот на извршителите во јавноста.

Комората ќе ги продолжи своите заложби за подобрување на правната и економската сигурност на извршителите вкучително и институционално зајакнување на капацитетите на Комората.

Комората ќе пристапи кон ревидирање на актите на Комората а паралелно ќе се активира соработката со Министерство за правда во насока на измена на Законот за извршување и ревидирање на Тарифата за награда и надоместок за работата на извршителите.

Во однос на релациите со домашните институции, Комората планира да ја продолжи добрата соработка со Министерството за правда на РСМ, Нотарска комора, Адвокатската комора и Судовите во РСМ за усогласување на судска пракса и еднаква примена на Законот за извршување како и со сите други институции со кои во текот на работењето се укажува потреба од непосредна комуникација и соработка.

Се планира продолжување на соработката со Коморите во регионот и Меѓународната унија на судски извршители UIHJ (МУСИ) како и понатамошно учество во проектот ,,Зајакнување на извршувањето во Западен Балкан 2020-2024 кој е од големо значење за извршувањето во РСМ како и за целиот регион чија цел е да ги зајакне системите на извршување во Албанија, Косово, Црна Гора, Северна Македонија и Србија.

КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Претседател,
Весна Деловска